# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 јуни 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г. Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Борозан, Славица Станковска, Рафет Муминовиќ, Ѓорѓи Спасов, Трифун Костовски, Невзат Бејта, Зоран Крстевски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски и Илија Китановски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат, според картичките 83 пратеници.

Констатирам дека на седницата има мнозинство пратеници и можеме да одлучуваме.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Не гледам претставник од Владата.

Минуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото.

Очекуваме да пристигне министерот.

Со оглед дека нема претставнци на Владата, ќе ја прекинеме седницата, а ќе поминеме на другата седница што е закажана денес.

(Седницата прекина со работа во 11,15 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Минуваме на 9-тата точка Предлог за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото.

Предлогот за донесување на законот и извештајот на ЗПК Ви се доставени.

Отворам пртрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Благородна Мингова.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА:

Почитуван претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници

Најнпаред сакам да ја поздравам иницијативата на Владата за донесување на закон за поддршка и развој на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото во РМ  и тоа од повеќе причини, меѓу кои позначајни се, секако, можностите за отворање на нови работни места, со што полесно би се амортизирале негативните состојби и ефекти од неопстоивоста на големите стопански субјекти.

И покрај едно деценискáта заложба за развој на малото стопанство како еден од носечките столбови за развој во транзициониот период, Македонија не може да се пофали со некои позначајни резултати на овој план. Токму затоа донесувањетона овој закон и согласно со него, формирањето на Агенцијата за поддршка на претприемаштвото, треба да овозможат услови за потстрек на малото стопанство.

Бидејќи ова е прва фаза, сметам дека некои укажувања би придонеле во подобрување на самиот текст на Законот.

Во образложението на овој закон, потребата од неговото донесување се образложува и со фактот дека досегашните заложби на сите Влади на РМ, за развој на малото стопанство беа повеќе декларативни отколку суштински. Оценката е сосема точна. Затоа сметам дека деловите од понудените решенија кои имаат декларативен карактер, треба да бидат изменети во правец на доработка, прецизирање и дополнување. Ова особено се однесува на членовите 2, 4, 5, 9 и 10, за кои ЗПК си го даде своетомислење.

Со цел да се охсрабрат пожетните бизниси и фаворизирање на експанзијата на малите претпријатија, а имајќи ги предвид и сугестиите на Европската повелба за мали претпријатија, сметам дека во Законот ќе треба да се презицираат мерки и за кредитирање на субјектите од малото стопанство под поповолни услови, на почетокот на работа, како и создавање на соодветни услови за пристап кон кредити и кон фондови за

ризичен капитал, како и зголемување на расположивите фондови за финансирање на почетни и високотехнолошки претпријатија, вклучувајќи и капитални вложувања.

Во законот ќе треба да се предвидат и мерки со кои средствата останати од неприватизираните претпријатија, после рокот предвиден со Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, ќе можат да се користат за поттикнување на малото стопанство, преку нивно продавање или закуп под поповолни услови.

Повикувајќи се повторно на Европската повелба за мали претпријатија, каде што се вели дека земјите со најдолги и најкомплицирани процедури, за основање на нови претпријатија, во кои, за жал мораме да ја сместиме и Македонија, треба да се охрабрат, да ги стигнат земјите со најкуса и најефикасна постапка за основање на претпријатија. Затоа сметам дека и во овој закон се неопходни мерки со кои ќе се поедностави постапката за основање, ќе се даде стручна помош за субјектите на малото стопанство, односно онлајн пристап што знажи зголемување на обемот на електронската комуникација, на кој начин малите претпријатија побрзо и поефтино ќе се обратат за поедини прашања, барања и поднесување на даночни пријави.

Бидејќи постојано се залагам во процесот на донесување на законите, истите да се согледуваат и од родов аспект, сметам дека и во овој закон треба да се преземаат мерки за поттикнување на развојот за претприемништвото кај жените и младите. Има уште бројни мерки кои треба да се градат во овој закон со оглед на тоа што во процесот на донесувањето ќе имаме можност да укажеме на нив, не би должела поединечно со целосно образлагање на секоја од нив.

На крајот сакам да потсетам дека дел од овие укажувања веќе постојат во соодветните закони, донесени во земјите кои се на чекор до влез во ЕУ, а кои се определиле, нивната хармонизација со Европската легислатива да ја направат со приемот во ЕУ. Тука пред се мислам на Унгарија, Полска Чешка и други. Притоа сакам да кажам дека националните закони, како што е и овој, треба да се проценат во светло на најдборите примери и практика, а токму примерите и практиката на овие земји, на планот на развојот на малото стопанство и поттикнувањето на претприемништвото, се позитивни. Да потсетам дека во некои од овие земји тие учествуваат со 50 до 60% во бруто националниот доход и се значаен носител на изворната активност.

Бројни мерки од нивната легислатива, не само што се во функција на поттикнување, туку и пред се во зголемувањето во довербата на малите претпријатија. Притоа не смее да се заборави дека Европската повелба за мали препријатија укажува дека состојбите “може да се подобрат преку преземање активности за стимулирање на претприемништвото, преку проценки на постојните мерки (за жал овој закон ги нема) и

кога е потребно нивно прилагодување кон потребите на бизнисот, како и преку осигурување дека креаторите на политиката им осветуваат соодветно внимание на потребите на малите бизниси".

На крај повторно би ја цитирала нашата Влада дека со овој закон ќе се овозможи долгорочен динамичен развој на малите стопански субјекти, а со тоа и на целото стопанство. Немам причина ниту јас ниту пратеничката група на СДСМ да се сомневаме во искрените заложби на Владата особено ако ја имаме превид Програмата на Владата за мерките и активностите за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малите и средните бизниси во РМ која е многу презицна и сеопфатна и нуди вистинска основа за развој на малото стопанство. Во таа насока и донесувањето на законот за поддршка и развој на малото стопанство и поттикнување на претприемништовото.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот ЉуПчо Јордановски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитуван претседателе, членови на Влада, колеги пратеници.

Минатиот понеделник, значи пред осум дека присуствував на презентацијата на Мајкл-софт, во МНТ, наречена ВИЗИЈА. Големата сала на МНТ беше полна со млади и полни со ентузијазам лица и ние неколку постари кој својот прв компјутерски подем го напишавме во далечната 1969 година. Во целата престава посебен впечаток ни оставија две мали нешта. Големото нешто т.е. визијата на Мајкл-софт ме остави рамнодушен бидејќи стекнав впечаток дека понудената визија е нивна и на нивните домашни дилери а нашата визија за информатичкиот развој некаде од пад заостана. Но затоа во друга прилика.

Да се вратам на двете мали нешта.

Првото нешто беше инспиративниот вовед, воведен збор на професорот Ферид Мухиќ, од филозовски аспект зборуваше за визијата. Визијата кажа тој е причина зошто надешта последна умира. Луѓето со возвишена визија го движеле цивилизациското тркало, граделе држави, империи им носела благосостојби и среќа на својот народ. Мора да се има визија за да си има напредок, развој а јас би рекол: работа, развој на стопанството и нови работни места.

И тука во потполно се слагам. Постои знак на равенство, помеѓу визија и развој.

Второто мало нешто што ми остави впечаток, поточно ми помогна да ја сфатам средината на визијата беше една слика на големиот екран на која беа прикажани дваицата основачи на Мајклс софт,  Билгејс и Поларен. Коментарот на човекот кој ја

водеше сесијата беше  во 70-тите години многу луѓе со голем ентузијазам се занимаваат со развој на компјутери, и компјутерски бизнис.

Само овие двајца во тоа успеале и станаа магнови на информатичката ера. А знаете ли зошто? Бидејки имале визија. Тогаш на екранот се појави една реченица со вкупно четири збора, се појави нивната визија,  во секој дом компјутер. Може истото да се каже и со два збора: домашен компјутер. Оваа визија доведе до она што сега го имаме како информатичка технологија, хардвер и софтвер не воведе во информатичката ера на цивилизацискиот развој.

Почитувани пратеници, големи визии се големи затоа што можат да се дефинираат само за неколку збора, како на пример, слободна и независна Македонија, визија за која живееле и не се штеделе генерации и генерации во минатото, визија за која нашето денешно постоење е причина за нивното во минатото живеење и жртвување. Или пак визијата по еден вработен во фамилија, визија со која коалицијата за Македонија заедно излезе на изборите 2002 година пред граѓаните и ги доби изборите.

Почитувани пратеници, во овој документ кој се нарекува закон за подршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништво нема ништо што дава надеж дека визијата по еден вработен во фамилијата почнува чекор по чекор да се реализира. Свесно овој материјал е испишан на неколку страни текст во кој се поместени 31 член го нарекувам документ, бидејки иако е структуиран како закон, има членови, во суштина е само една декларативна заложба на Владата, или Министерството за економија која не е ниту на ниво по квалитет на една изборна програма која ја понуди коалицијата  “За Македонија заедно”.

За да ги изнесам моите аргументи би почнал од самиот наслов на документот. Да повторам, документот носи наслов: Закон за подршка на развој на малото стопанство и поттикнување на приемништво, при што само два члена нешто зборуваат за подршка и развој, четвртиот и петтиот, дека сите останатите се за македонската агенција за подршка на претприемништво. Заклучок, овој документ повеќе одговара да биде закон за агенција. Но, дали за тоа е потребен закон, незнам, посебно кога една таква слична постои и се нарекува НЕПА.

Но, да ги погледнеме и тие два члена, Во четвртиот член се вели, ќе дозволите, ќе го прочитам. Цели на подршката на развојот на малото стопанство се зголемување на вработување, зголемување на извозот и прилагодување на светскиот пазар, зголемување на продуктивноста, квалитетот и конкурентноста на малото стопанство, примена на современите технологии и  иновации и можете да претпоставите уШте кои декларации. До тука и некако може да се разбере постоење на еден ваков член, бидејки секако секој

закон има своја цел. Единствено не ми е јасно зошто е тоа поместено во закон како член кога вообичаено е да нешто вакво како кај сите други закони стои во образложението. И во овој закон во образложението на страна 10 имаме дел во кој се објаснуваат целите. Само што оној што го пишувал овој закон се нашол во незавидна ситуација па морал да го прераскажува членот 4. За мене каква безидејност.

Она што пишувачите на овој закон не сватиле е тоа дека постоењето на ваков член ги обврзува да кажат како ќе се реализираат тие цели и тоа конкретно со некои опипливи мерки во кои луѓето ќе веруваат. Тоа по мое мислење секако не се мерките и активностите дефинирани во член 5. Почитувани пратеници, дозволете и од нив неколку да прочитам. Во членот 5 пишува: целите утврдени во член 4 од овој закон ќе се постигнат особено преку следните мерки и активности, развој на институционална мрежа за подршка на развој и создавање на конкретност на малото стопанство и потикнвуање на приемништво. Такви институционални мрежи постојат и сега. Едукација и обука за претприемништво, мислам и досега тоа е правено. Поефтино и побрзо основање на трговски друштва, подобар пристап до обуки за стекнување претприемнички вештини и т.н.

Заеднички именител на сите овие мерки и активности е еден единствен збор. како, како , како и само како. Зошто го велам тоа? Аргументите се едноставни. Прво, сите овие мерки и активности се толку декларативни што мислам дека многу не обврзуваат. Второ, веќе десетина години истите декларации се повторуваат, а ние тонеме се подлабоко и подлабоко. Зарем тоа не ни кажува дека не се може на ист начин повеќе, зарем не учиме од нашите лични грешки и зарем немаме толку храброст да се обидеме да напишеме и ставиме во закон она што сите го знаеме, дека единствено решение е заживување на малото и приватното стопанство. За волја на вистината во член 6 законот се обидува да ги смири таквите како мене па вели, цитирам: за реализација на целите од член 6 и мерките и активностите од член 5 и на овој закон Владата на Република Македонија на предлог од Министерството за економија донесува програма за период од 4 години. Со програмата се утврдуваат и потребните средства , изворите на средства, роковите за нејзина реализација и органите надлежни за спроведување на програмата.

Што се однесува до мене јас и можам да се натерам да бидам среќен и со ветувањето дека во програмата ќе бидат поместени конкретни мерки под еден услов таа програма да биде на дневен ред на овој Парламент. Со ова мое барање јас никако не искажувам недоверба кон надлежното Министерство што треба да ја изготви програмата, бидејќи сакам да го релативизирам оној силен аргумент на одбрана кој вели: за успешноста и работата ќе кажат граѓаните на следните избори. Бидејќи исто така важи и

следната вистина , со крајот на едните избори започнува предизборната трка за следните избори. Но, сепак најмеродавни се мислењата на обичниот граѓанин на кој им ја понудивме нашата визија, по еден вработен во фамилија. Од моето лично искуство и контакти со обичните граѓани кои бараат работа како и со малостопанствениците кои најдиректно имаат потреба од еден ваков закон, заклучокот е дека се крајно разочарани и полека ја губар вербата дека и оваа власт може нешто конкретно да стори. А еве што сметаме дека овој закон треба да има. Тоа всушност го кажа и претходниот говорник. Јас само ќе спомнам неколку. Ние сметаме дека овој закон треба да има нешто како кредитирање на субјектите на малото стопанство по поволни услови за почеток на работа, утврдување на политика за давање на гаранции за кредити, основање фондови за ризичен капитал, фондови за развој и инвестиции, давање под наем на недвижности и други инфраструктурни објекти во сопственост на Република Македонија по поволни услови вклучително и без надохнада давање стручни совети, советодавна помош за субјектите на малото стопанство, поедноставување на постапка за основање субјекти од малото стопанство , давање подршка со посредни мерки за зголемување на вработеноста и т.н. И уште неколку членови имаме овде предложено во кои се конкретизираат нештата. Но, најбитни се двата члена кои што претходно ги кажав. Секако дека можат да се додадат уште некои мерки , или пак да се изврши одредена корекција на претходно прочитаните. Но, суштината е во конкретноста на мерките, во фактот дека секој граѓанин, или малостопанственик ќе знае што конкретно власта има намера да направи за подршка на малото стопанство и претприемништво.

Почитувани пратеници морам да кажам дека откако на луѓето од Министерство им беа укажани овие наши забелешки со желба истите да бидат инкорпорирани во законот, добивме одговор дека Меѓународната заедница нема да биде среќна со вакви решенија, Но, еве какви решенија има во слични закони на други блиски држави. Во Хрватска закон постои, член 6 во кој се дадени истите мерки кои јас претходно ги прочитав како наша сугестија. Тие дури имаат и член во кој како мерка се предвидува субвенционирање на камати по преземени кредити како и кредитирање при започнување на бизнисот. Бугарскиот закон за мали и средни претпријатија е толку детално разработен и нормиран од сите аспекти што не дава простор за било какво креативно толкување на законот. Во поглавјето 4 каде се зборува за мерки стои: помагање во финансиските трансакции, Владата ќе гарантира дел од нивниот кредитен ризик во кредит наменет за мали и средни претпријатија, развива и извршува програми за мали и средни претпријатија, информации и консултански услуги, пристап во јавните барања регулирано со актот за јавни барања, едукативни проекти за професионални квалификации, приватизација на државните и

општествените претпријатија, изнајмување на недвижности во сопственост на државата, изградба на инфраструктура за подршка на мали и средни претпријатија и зајакнување на интеракцијата меѓу нив, изградба на технолошки паркови и бизнис инкубатори и други активности и мерки пропишани со други закони . Во Словенечкиот закон во член 5 кој што по ова прашање е доста краток, но доста силен, вели, кредитирање на проектите на малото стопанство, заедничко вложување во проектите на малото стопанство, вложување, или кофинансирање на инфраструктура за развој на малото стопанство, помош, субвенционирање при враќање на кредитите кои се земени од редовните банки и други финансиски организации и премии. Сличен закон има и Албанија каде што во членот 5 стои: развој на политики, програми и проекти, креирање на административни и фискални финансиски олеснувања и структури , финансирање на секторот на мал бизнис, финансирање и инвестирање за создавање на бизнис инкубатори, иновативни центри и технолошки паркови, охрабрување на јавната побарувачка за производи од малиот бизнис, олеснување на создавање и функционирање на консалтинг информативна мрежа.

Почитувани пратеници сега не е тешко сами да направите компарација помеѓу сите гореспомнати закони со нашиот и ќе ни стане јасно дека нашиот закон не е закон, туку како што го нареков на почеток еден документ , односно размислување што генерално би требало да содржи еден закон за развој на малото стопанство. Се поставува прашање како Меѓународната заедница не се почувствува несреќна во случај на овие наши комшии кои се наоѓаат во иста ситуација , ако не и полоша од нас. Но, јасно е дека проблемот е во нешто друго и не е сегашен и за тоа ќе ни треба повеќе време за елаборација и расправа. А дека Меѓународната заедница не се противи да постојат и конкретни мерки во законот доволно е да се прочита европската декларација за мали претпријатија на која се повикуваат и пишувачите на овој закон. Така на пример, во делот насловен: полиња на делување по точка 1 која носи наслов: обуки и образование за претприемаштво, меѓу останатото стои цитирам: ние ќе ги охрабруваме и подржуваме претприемачките стремежи на младите луѓе и ќе развиеме соодветни програми и за обука на менаџерите во малите претпријатија. На сите им е јасно, а посебно на Европа дека оваа заложба ако се преточи во конкретен став би можела да гласи: финансирање и помагање на претприемачките стремежи на младите луѓе и помагање во развој на соодветни програми за обука на менаџерите во малите претпријатија.

Во втората точка која носи наслов, поефтино и побрзо основање и почнување со работа стои: земјите со најдолги и најкомплицирани процедури за основање нови претпријатија треба да се охрабрат, да ги стигнат земјите со најкуси и најефтини постапки

за основање на претпријатијата. Оваа заложба всушност конкретно значи, максимално намалување на времето за регистрација на претпријатие како и намалување на потребните средства за отварање нови претпријатија, трошоци. Ова последното би значело намалување на административните такси и финансиска помош, или стручна бесплатна помош за дефинирање на бизнис планот.

Во третата точка станува збор за поделба законодавство и регулатива. Таму се вели, малите претпријатија треба да бидат ослободени од одредени законски обврски. Во овој случај  мислам на сите им е јасно што би требало да стои во законот како конкретна операционализација на горниот цитат од Европската повелба.

Почитувани пратеници постојат такви десет точки , верувајте во секоја од нив експлицитно е дозволено она што ако се стави во нашиот закон, нив ќе ги направи несреќни, како што не убедуваат .

Сепак, седмата точка е најилустративна  и затоа целосно ќе ја прочитам. Седмата точка носи наслов: одданочување и финансиски прашања. Даночните системи треба да се прилагодат на начин што ќе го наградуваат успехот , ќе ги охрабруваат почетните бизниси, ќе ја фаворизираат експанзијата на малите претпријатија и креирањето нови работни места и ќе го олеснат основањето и развојот кон средни претпријатија. Земјите членки треба да ги применуваат најдобрите практики за оданочување и поттикнување на лични иницијативи. Вниавајте, за да можат да ги трансформираат своите замисли во реалност на претприемачите им требаат пари. Тоа го пишува во Европската декларација, им требаат пари  со цел да се подобри пристапот на малите претпријатија кон финансиските услуги ние ќе ги идентификуваме и ќе ги  отстраниме бариерите за создавање пан европски пазар на капитал, како и бариерите за реализација на акциониот план за финансиски услуги и акционен план за ризичен капитал.

Второ, ќе ја подобриме врската меѓу банкарскиот систем и малите претпријатија преку создавање на соодветни услови за пристап кон кредити  и кон фондови за ризичен капитал, е го подобриме пристапот кон структурните фондови и ќе ги поздравиме иницијативите на Европската инвестициона банка за зголемвуање на расположиви фондови за финансирање на почетни и високотехнолошки претпријатија вклучувајки и капитални вложувањња.

Почитувани пратеници дали некој може да ми каже каде во горните заложби напишани и во Европската декалрација е забрането во нашиот закон да стои како мерка кредитирање на субјекти на малото стопанство под поволни услови за почетна работа, или утврдување политика за давање на  гаранции за кредитите, или оснвоање фондови за ризичен капитал, или фондови  за развој на инвестиции и т.н. Јасно е почитувани

пратеници дека предложениот закон не е пишуван со разбирање, или пак ако сакате со креативно читање на Европската повелба за малите претпријатија, а најмалку со свеста за она што сме им ветиле на нашите бирачи и граѓани, или можеби се тоа можностите на стручната служба на Министерството. Ако е тоа вистина, тогаш министерот и сите ние овде сме во голема каша.

Почитувани пратеници, јас би можел и понатаму секој член , секој став да го анализирам, да дадам примери од пракса со кои малостопанствениците се декуражираат, а за кој проблеми и барања не постои ниту еден конкретен став во овој закон со што би се намалиле нивните стравувања. Но, сепак, мислам дека главната поента веќе е кажана од моја страна.

Што се однесува до Агенцијата, за неа ќе оставам другите да кажат, бидејки за неа има многу да се зборува од сите аспекти, суштински и правни. Само едно сакам да кажам , мене ми е логично прво да се донесе закон па потоа Агенција која треба да го реализира тој закон. Во случајот е обратно, немаме закон . Под услов да се прифатат моите гореизнесени аргументи, а формирана е Агенција која што треба да спроведува закон. Можеби звучи доста остро, но суштината е таа. Во прашање се само интерпретации. Почитувнаи пратеници би сакал да дадам коментар на можната забелешка дека ова е само прва фаза од законот и дека истиот во текот на расправата и низ останатите фази може да се подобри. Можеби е тоа така и треба да биде така со овој закон, бидејки ако финишираме со ваков закон треба да знаеме дека сме ги изневериле граѓаните и онаа малку надеж што ја полагаат во нас ќе згасне. Но, она што треба да го знаеме е тоа дека секоја работа , секое дело, секоја творба па макар била и прототип, или во својата почетна форма зборува за способностите и капацитетите на тој што твори, бидејки основната идеја е концептот мора да биде видлив и во самиот прототип и во самата иницијална фаза. Сето понатамошно дотерување е само оптимизација на основниот концепт. Ако вака не се сватат нештата, тогаш се отвора можност секој на пример да пишува закони , па нели со пеглање низ следниве фази ќе дојдеме до она што мислиме дека е вистинско.

Почитувани пратеници, сега би ве замолил да погледнете на нашата лева страна, односно мојата десна страна. Што гледате, поточно што можете да прочитате? Горе почитувани пратеници над вратата пишува: на почеток беше зборот. Ова е една силна мисла која можеби не секого заинтригирала да размисли подлабоко. Зборот, почитувани пратеници е клучот на цивилизацијата, двигател на прогресот. Во почеток само усмен со кој се пренесувале знаењата и духовните дострели за да подоцна стане пишан со чија

помош ризницата на човековата цивилизација ќе остане за век и навек. Зборот е толку силен што се вели дека тежок збор убива. Но, исто така велиме и зборот е даден.

Почитувани пратеници, ние дадовме збор, ние нашата визија ја кажавме со неколку зборови, по еден вработен во семејството. Јас држам до мојот збор. Зато апочитувани пратеници јас нема да го подржам овој закон, бидејки не сакам мојот збор, мојата визија така ефтино да се потроши. За вас незнам?

Но, јас имам и друга визија, бидејки човек без визија е само човек  зомби, а таа визија е господинот Борис трајковски да си поднесе оставка бидејки ја злоупотреби институцијата претседател и со аболицијата на госпоѓица Доста Димовска ги навреди граѓаните и ги погази нивните елементарни права.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитуван господине министре, почитувани колеги пратеници, развојот на малите и средни претпријатија, или малото стопанство како што е именувано во предлог на  законот кој денес го разгледуваме е многу експлоатирана тема во последните неколку години и тоа не само во земјите во транзиција ако што е нашата, туку и во други многу по развиени држави и економии. Доказ за тоа е и податокот дека во моментов во повеќе од 130 држави како што реков и во развиени и во земји во транзиција постојат таканаречени гарантни фондови чија основна задача е да ги помогнат инвестициите каде Што инвеститорите се јавуваат како мали и средни претпријатиај кои не поседуваат доволно недвижности кои ќе ги стават во залог како гаранција За земените кредити. Се разбира како и за многу други прашања така и во оценката за значењето на развојот на малите и средните претпријатија за развојот на целокупната економија на една држава постојат две сосема различни и спротивни мислења, или гледишта.

Едното гледиште укажува дека значењето на малите и средни претпријатија за целокупниот развој на една економија е од огромно значење, додека другото, како што реков сосема спротивно гледиште, сметам дека нивното значење е незначително, т.е. вложувањата од страна на државатта за стимулирање на развојот на малите и средните претпријатија претставува расипниШтво.

Нашата Влада, како што стои во образложението за причините за донесување за овој закон, се определила за првото гледиште и констатира дека развојот на малото стопанство е единствениот излез во борбата против невработеноста и дека неговиот неорганизиран развој резултира со стагнација на целокупното стопанство.

Моето мислење е дека ваквата оценка за значењето на малото стопанството за развојот на економијата и намалување на невработеноста е претерана и би требало да се корегира.

Почитувани пратеници, дозволете ми со неколку реченици ова мое мислење да го образложам. Навистина, малите и средните претпријатија, поради нивните карактеристики, имаат одредени предности во однос на големите претпријатија. Така на пример, тие се многу поприлагодливи на пазарните промени за разлика од големите мулти национални и комплексни компании. Малиот претприемач, исто така, има поголема слобода за своите идеи и креативност, во водењето на деловната политика на својата фирма, за разлика од менаџерите на големите фирми. Во малите претпријатија процесот на одлучување е многу брз и поефикасен од одлучувањата во големите компании и во услови на голема невработеност, невработениот човек може сам со своите идеи и со влогот, она што го има, да оснива претпријатие и да го реши проблемот со вработувањето и егзистенцијата на својата фамилија. Но не смееме да заборавиме дека малите и големите претпријатија живеат во една комплементарна симбиоза и заеднички ја сочинуваат единствената структура на една земја. Додека големите компании, со своите кадровски и финансиски потенцијали, ги прават примарните иновации и почетните пазарни пробивања на одредени нови производи, малите претпријатија поради своите скромни кадровски и финансиски можности, можат само да развиваат т.н. секундарни иновации и да бидат коопeранти на големите системи. Најчесто на запад постарите модели на машини и друга опрема, кои веќе не се во производните програми на големите компании, се произведуваат од страна на нивните кооперанти, малите и средните претпријатија. Исто така, кај голем број производители на комплексни и сложени производи, одредени делови или помали склопови се произведуваат од кооперанти, исто така малите и средните претпријатија.

Од овде следи заклучокот: малите и средните претпријатија можат да бидат фактор за развој на економијата, особено да придонесат за намалување на бројот на невработеноста, но наивно е да се размислува дека спасот на развојот лежи во малите и средните претпријатија, а големите проблеми и големите претпријатија да се туркаат под тепих.

Со други зборови кажано, без заздравување на големите претпријатија, тешко ќе можеме да ги развиваме малите и средните претпријатија и да обезбедиме стабилен и долгорочен развој. Малите претпријатија многу полесно ќе произведуваат, а особено ќе продаваат, ако се преструктуираат и отпочнат со

работа големите претпријатија, бидејќи, како што веќе истакнав, тие заедно ја сочинуваат единствената стопанска структура на една земја.

На крајот од овој дел, да истакнам само уште еден факт, кој мора сите да го признаеме. Ако се погледаат билансите на состојба на малите и средните претпријатија во Македонија, но и пошироко, ќе се види дека во најголемиот број од нив скоро целокупната залиха на стоки и репроматеријали, како и на побарувањето од купувачите, се финансираат од краткорочни извори на финансирање. Тоа се најчесто обврските спрема добавувачите, се разбира, неплатените, или разни краткорочни позајмици.

Ова укажува на фактот дека финансирањето на малите и средните претпријатија досега најчесто беше на товар на големите претпријатија, а особено јавните претпријатија или сеуште неприватизираните или целосно општествени претпријатија.

Почитувани пратеници, јас не сум правник и не сакам да давам правно мислење околу тоа дали ваков закон со ваков наслов и со вакви декларативни одредби, особено на членовите 4 и 5, треба да ги прифатиме. Јас ќе се задржам само на суштината на проблемот, а тоа е: дали предложената содржина на законот ќе овозможи да се остварат поставените цели. Поставените цели се прифатливи и разбирливи, но дали не треба поконкретно да ги разработиме мерките и активностите за остварување на овие цели. Јас сметам, ако ова не го направиме, овој закон ќе се претвори во општа декларација за нашите желби, дека сакаме да го стимулираме развојот на малите и средните претпријатија и дека заради поддршка на тој развој ќе основаме агенција која ќе знае како да ги конкретизира овие општи декларации и како да ги исполни целите кои ние ги поставивме во членот 4 од законот.

Затоа, во законот најпрво мора да се утврдат субјектите, односно носителите на активностите, а потоа да се дефинира начинот и постапките за решавање на клучните проблеми во развојот на малите и средните претпријатија. Ќе се обидам да набројам само некои од нив, кои сметам дека се од огромно значење за развојот на малите и средните претпријатија.

1. Начинот на обезбедување на кредитите за економски оправдани инвестициони проекти, за кои инвеститорот не поседува недвижности или други средства за обезбедување.

2. Начинот на промоција на инвестициони проекти пред странските инвеститори.

3. Начинот на помагање за настап и пробивање на странските пазари.

4. Начинот на помагање во едукацијата на претприемачите во областа на менаџментот, маркетингот, увозот и извозот, деловното планирање и изготвувањето на бизнис плановите.

5. Начинот на помагање во изготвување на инвестиционите проекти и контактите со деловните банки и постојните кредитни линии.

6. Начинот на поврзувањето на малите и средните претпријатија на локално, регионално и државно ниво.

7. Начинот на помагањето во поврзувањето на малите и средните претпријатија со големите претпријатија.

8. Развојот на специфичните инвестициони програми, како на пример фрашизи, инкобатори итн.

9. Начинот на помагањето на индивидуалните земјоделци кои имаат идеја за изградба на производни капацитети за преработка на земјоделски производи и се разбира, многу други неспомнати начини за стимулирање на развојот.

Дел од овои прашања се обработени во Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемаштвото и создавање на конкурентност на малите и средни бизниси во Републиката, што ја донесе Владата на Република Македонија. Но за мене е нелогично, наместо овие мерки и активности, предвидени во Програмата, во посебните законски проекти, како што е овој на пример, поконкретно и подетално да се разработат, на нас денес ни се нуди законски проект чии мерки и активности се многу поопшти и подекларативни од Програмата.

Се надевам дека овие мои укажувања ќе вродат со плод и во следната фаза ќе добиеме многу поконкретен, поразработен и поефикасен закон во однос на ова што денес го разгледуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Слободан Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

На почетокот сакам да кажам дека имаме една исклучително важна тема за расправа на денешната седница, која трае веќе трет ден и се надевам дека

времетраењето на расправата по оваа точка нема да биде ништо помалку од времетраењето на расправата што се однесуваше на Републичкиот судски совет, каде што се расправаше скоро цел ден и на крајот само се покажа дека е во интерес само на оние кои го критикуваа тој закон за измена на Законот на судскиот совет, односно персоналните промени што би требало да следуваат во Републичкиот судски совет и второ, се надевам дека ќе го покажеме својот однос кон оваа исклучително важна тема како пратеници, не само со расправата, туку и со предлозите што ќе ги дадеме за изменување и дополнување на овој предлог текст што ни е даден како Предлог за донесување на законот за поттикнување на малото стопанство и претприемаштвото.

Уште на почетокот морам да кажам дека со односот на одделни пратеници кон најважната тема за расправа, а тоа се економските проблеми во Република Македонија, се покажува незадоволителен интерес на пратениците. Пратеникот Љупчо Јордановски рече погледнете ја вашата лева страна, негова десна, а јас ќе речам погледнете ја вашата десна, а моја лева страна и ќе видиме колку сме заинтересирани за проблемот кој што е најактуелен во Република Македонија. Но сепак, секој пратник си го гради својот однос кон одреден проблем онака како што смета дека е потребно.

Конкретно во врска со законот што е предложен за расправа, а тоа е за малото стопанство и претприемаштвото, можам да го кажам следното.

За мало стопанство во Република Македонија зборуваме многу одамна. Не зборуваме само во овие 12 години од осамостојувањето на Република Македонија, туку за осамостојувањето на малото стопанство се зборува уште од крајот на 70-тите и почетокот на 80-тите години, сигурно гледајќи како во таа тогашна Југославија, Словенија, развивајќи го малото стопанство и дополнителните дејности, направи бум во својот економски развој. За жал, и тогаш и денес остануваме само со желби и декларации за развој на малото стопанство и претприемаштвото, а до денес резултатите ги немаме. Се надевам, во иднина, тие резултати ќе бидат забележителни во Република Македонија.

Зошто е значајно да посветиме посебно внимание на оваа проблематика за развој на малото стопанство и претприемаштвото во Република Македонија. Сигурно ние нема да бидеме тие кои ќе измислат нешто ново, но само ако појдеме од економската наука и практиката во развиените земји, ќе видиме дека Република Македонија не само што доцни, но се плашам дека ни замина возот во однос на ова прашање. Имено, во економската наука и практиката на развиените

земји, уште во далечната 1974 година после големата економска криза, настапи сфаќањето дека макроекономската политика која што ја водат владите не е од пресудно значење за економски развој и постојаниот оддржлив развој на одредена држава. Од тој аспект, многу повеќе внимание посветија на микроекономијата, односно претпријатието и претприемаштвото и на делот на менаџментот. Нашите досегашни влади, во изминатиот период, особено од осамостојувањето на Република Македонија, многу повеќе внимание посветуваат токму на макроекономскиот аспект на политиката во Република Македонија, незначително посветувајќи внимание на непосредното производство на претпријатијата и менаџментот во нашите стопански субјекти. Има само една единствена цел, посебно на Владата што беше во периодот од 1998 до 2002 година, која имаше за цел максимално да го исцрпи македонското стопанство и со тоа да го покажува својот успех колку може да го наполни буџетот на државата и колку може да ги троши парите на граѓаните.

Затоа, сметам дека оваа Влада и ова парламентарно мнозинство, всушност, е на вистинскиот пат, со тоа што го свртува вниманието токму на стопанството, токму на претприемаштвото и развојот на малото стопанство, не осврнувајќи се само на овој закон, туку почнувајќи уште со донесувањето на Буџетот за 2003 година и преку одредени економски и законски решенија кои ни беа понудени. Оваа Влада покажа дека својата примарна функција на макроекономски план ја сконцентрира само на главните делови, а тоа е на монетарната политика, девизниот курс и даночната политика. Се друго оваа Владата остава на стопанството, менаџерите и претприемачите. Оваа Влада ќе настојува само да создава стопански амбиент во Република Македонија преку законските решенија и е на добар пат да се оттргне од директното мешање во стопанството на Република Македонија. Реков тоа се покажа уште со донесувањето на Буџетот, иако беше толку напаѓан Буџетот, сега веќе се гледаат првите резултати и она залагање и проценка дека повеќе од 100 милиони евра ќе останат токму во стопанството. Ние можеме како Собрание да донесуваме многубројни закони, Владата може да има и премногу залагања, но доколку ги немаме активности на претприемачите и менаџерите, тогаш навистина крајните резултати ќе изостанат, посебно имајќи го предвид фактот за колкав пазар се работи за развој на нашето стопанство. Тоа би го кажал воопштено како вовед во однос на целите што би требало да се постигнат со донесувањето на овој закон.

Би сакал да изнесам неколку мои согледувања и предлози во однос на Предлогот за донесување на законот, а се надевам дека во натамошната процедура ќе бидат вградени при предлагањето на Предлогот на законот во собраниската процедура. Имено, подготвувајќи се за оваа седница, разговарав со голем број малостопанственици од Битола и со претседателот на Комората на занаетчии и малостопанственици, па проблемите со кои се соочуваат малостопанствениците можат да се групираат во неколку делови. Сега би напомнал само неколку.

Прво, како што веќе беше споменато од некои дискутанти, во областа на кредитирањето и правата реченица на сите малостопанственици е: трошоците на кредитирање во Република Македонија се високи и има тежок пристап до финансиски извори. Исто така, тука е недостигот на долгорочни и стабилни извори на финансирање.

Вие знаете дека кај нас имаше неколку кредитни линии кои одеа преку донатори и меѓународни институции и ако тие беа дадени со камата од 3%, кај нас стигнуваа со 10, 11, па и 12% и повеќе. Преку НЕПА каматните стапки се формираа на база на есконтната стапка на Народната банка, зголемена за 3% за оние кредити кои беа до 3 години, за 4% зголемена за оние кредити кои беа до 5 години. Тоа покажа дека се достигнуваше до каматна стапка од 12-13%, а на сегашно ниво од 9-10%, во зависност од времетраењето на кредитот, и тоа претставуваше посебно оптоварување за малостопанствениците. Во такви услови, со такви каматни стапки да не очекуваме дека можеме да развиваме стопанство и малостопанство. Првите резултати во оваа година со макроекономската политика и кредитно монетарната политика ги даваат првите позитивни сигнали за намалувањето на каматните стапки и се надевам дека таа тенденциија ќе продолжи и во иднина.

Следниот проблем кој што го истакнуваат малостопанствениците е процедурата од административен карактер, односно добивањето дозволи или други административни работи кои што треба да се извршат за кои веќе зборуваа колегите и не би сакал да ги повторувам.

Третиот проблем кој не е само проблем на малостопанствениците туку и на Република Македонија е нелојалната конкуренција и другото работење. Не можете да барате да се развива малостопанственик ако тој е уредно регистриран и ако тој уредно ги плаќа сите давачки, а веднаш до неговиот мал погон со ист тип на производство се занимава некој што не е регистриран, не е пријавен и не плаќа давачки. Се разбира, таквиот малостопанственик ќе биде поконкурентен на пазарот. Од друга страна, барем во изминатиот период од неколку години во Република

Македонија со царина, како што милуваат некои да ја наречат како швајцарско сирење, на нашето стопанство му се нанесе таков удар со увоз на стоки со неплатени царини и давачки и нашето стопанство претрпе навистина голем удар.

Од друга страна, ако малостопанствениците се жалат на овие проблеми, ќе ги видите банките кои се жалат на сосема друг проблем. Имено, тие велат дека во Македонија не постојат доволно квалитетни програми, кои би можеле да бидат кредитирани. При вкрстувањето на овие проблеми, кои ги истакнуваат различните заинтересирани страни, со една добра анализа, ќе може да се изнајде адекватен начин за надминување на тие проблеми.

Следната работа што сакам да ја дискутирам е изнесена во законот, а тоа е прашањето кое го загатнаа госпоѓата Благородна и господинот Јордановски. Тоа е прашањето за агенцијата што се предлага да се формира. Јас сметам дека агенцијата што се предлага да се формира, покрај предлогот, треба да следи поширок елаборат што ќе претствува агенцијата за поттикнување на малото стопанство и претприемаштвото во Република Македонија. Од она што можевме да го видиме во самиот закон и во Програмата за развивање на малото стопанство, која ни ја достави Владата, навистина, барем за нас пратениците останува недоречена и неразјаснета улогата на агенцијата која ќе се формира во Република Македонија, бидејќи ако се погледаат целите за формирање на агенцијата и се споредат со целта за формирање на таква агенција во 1997 година, т.н. НЕПА Националната агенција за развој на малите и средните претпријатија, ќе видиме дека во целите не многу има разлики меѓу таа агенција и оваа. Тогаш се поставува прашањето и треба да следи анализа што е тоа што недостасуваше на НЕПА, кои се тие негативности на НЕПА, а кои се позитивните страни и од сето тоа да извлечеме еден добар заклучок за да можеме да го изгласаме законот за формирање на новата агенција. Вака како што е предложена сметам дека нема да биде ништо друго туку повторување на поранешната агенција, само под друго име и резултатите ќе изостанат. Малку е нејасно, се вели дека агенцијата ќе биде непрофитабилна организација, а од друга страна истата таа организација се предвидува дека ќе остварува приходи, кои, на крајот е предвидено, ќе преминат во Буџетот на Република Македонија. Но, сепак сметам, зошто да биде непрофитабилна. Нека биде профитабилна и средствата што ќе ги остварува ќе ги вложува понатаму во развојот на малото стопанство.

Еден од начините за расмислување, сметам дека овој дел од Законот до предлагањето на Предлог-законот треба да претрпи квалитетни промени.

Следното што овде го загатнаа неколку колеги пратеници, а треба да се направи, ние не можеме да го гледаме малото стопанство раздвоено, одделено од големите стопански системи. И тоа не само на домашен план, туку и поврзано со такви системи и надвор, бидејќи мора да признаеме дека нашиот пазар е ограничен, тие малостопанственици со своите производи кои ќе ги произведуваат мора да ги оспособиме да ги извезуваат. На тој начин можеби треба да се размислува најмногу за поврзување со странски компании на кои во нивните земји одредени произоди им се неисплатливи да ги произведуваат заради мало производство и заради други причини, па од тој аспект ние мораме да размислуваме за поврзување на тие мали стопански субјекти со странските субјекти.

Од друга страна автоматски се наметнува и потребата Република Македонија преку одредени начини да помогне во финансирање на претставување на малостопанствениците во странство односно да помогне во кофинансирање на претставување на разни саеми, разни изложби во странство за производите од нашата држава. Тука тесно го поврзувам и поврзувањето со науката односно со образовниот систем.

Едно мое размислување, нека се размисли од претставникот на Владата и сигурно од Владата, а после и од нас пратениците, сметам дека постојат услови дека во Република Македонија треба да направиме да формираме еден економски совет кој би бил по теркот на некои разиени западни земји кој би бил една врста или еден коректив меѓу Владата и Парламентот. Во тој совет би членувале голем број на познати менаџери од Македонија.

Ние денеска расправаме за малото стопанство и поврзување со големите системи, а ние како пратеници не сме го слушнале мислењето на еден менаџер кој е од европски тип да речеме директорот на Скопска  пивара или директорот на Алкалоид и ред други директори, директорот на Стопанска банка од Битола кои важат за експерти во своите дејности, во своите области со кои се занимаваат. Сметам дека формирањето на еден таков економски совет ќе ни помогне не само во вакви прилики туку и во останати прилики за кои ќе расправаме за економски прашања во Република Македонија.Како држава ние не смееме да останеме само декларативно дека го поддржуваме малото стопанство, туку треба да имаме и конкретни чекори. Мора да имаме стимулативна даночна политика која ќе го поттикнува малото стопанство. Џабе  ќе го донесеме законот ако ги оставиме истите даночни стапки за малостопанствениците ако не ги поттикнуваме во својот развој.

Понатаму, ние мора да градиме еден образовен систем со насоки на нашите универзитети и тука треба да ја побараме врската помеѓу власта и универзитетите за образовање на кадри во насоки кои ќе имаат терка на европското образование. Ние мораме да кажеме ако ги спомнав неколку менаџери кои се од европски тип во Република Македонија ние мора да кажеме можеби најголемиот дел од македонските менаџери, претприемачи сакаат да прифатат она што е ново од Европа, но во себе се судираат со голем број на квалитети или последици кои ги носи претходниот систем на управување и раководење со претпријатијата.

Еве, тоа се тие неколку работи за кои сметам дека е битно при предлагањето на Предлог-законот овој закон да се надополни и јас ќе го поддржам законот заради тоа што ова е прва фаза, ова е Предлог за донесување на закон. Оваа фаза во која ние треба да ги искажеме своите забелешки, а доколку не бидат прифатени тогаш кога ќе биде предлогот на закон ќе можеме амандмански и на крајот на краиштата ако овие наши предлози не бидат прифатени, тогаш можеме тој закон и да не го прифатиме.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Најдовски.

Има збор господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Благодарам претседателе,

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Денеска на денешната седница го имаме пред нас можеби еден од најзначајните законски проекти од делот на економијата и стопанството, проект кој би требало во перспектива и во идниот економски живот да претставува основен двигател во развојот на стопанството на Република Македонија, можност за обезбедување на основни претпоставки за отворање на нови работни места т.е. можност за санација на состојбите во можеби, буквално кажано, афрички или јужноафрикански проценти на наводна невработеност, а истовремено отворање на перспективи за поврзување на македонското стопанство со западноевропската пазарна економија или пазарна економија.

Нормално сето тоа под услов да се постигнат определени стандарди во делот на она што значи продуктивност на конкурентската способност и постигнување на други квалитативни особини на нашето мало стопанство.

Како што реков тоа е Предлогот за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнувањето на претприемаштвото. Мораме во ова пригода да кажеме и да се согласиме со фактот дека ние како држава од ослободувањето па до денес немаме некое особено искуство со ваквиот тип на економија за разлика од некои бивши југословенски републики како што се Словенија и Хрватска кои вака профилирано мало стопанство практикуваа и во времето на СФРЈ за разлика од нас кои се до осамостојувањето практикувавме економија од типот на договорна која беше својствена на сите социјалистички држави од источно европскиот блок.

Во Република Македонија зачетоците и првата појава на таканареченото мало стопанство датира од 90-тите години со една помасовна појава по започнувањето на процесот на приватизацијата на претпријатијата во општествена сопственост, но сето тоа се одвиваше во една ситуација и тоа без посебна формално-правна законска регулатива на овој релативно нов феномен во областа на економијата која едноставно за нас беше непозната или го знаевме или го применувавме во една сосема друга форма или облик.

Денес тоа егзистира, т.е. работи во едни стихијни услови без тврда формално-правна регулација, без поддршка и поттикнување од страна на државните структури и бхез профилирана кредитна даночна и царинска политика како основни предуслови за егзистенција и развој на малото стопанство.

Затоа можеби треба да го поддржиме еден ваков законски проект, кој, доколку добро е обмислен, флексибилен со прифатливи решенија значи делува стимулативно на позитивниот развој на малото стопанство, истиот да го прифатиме со полна верба дека ќе биде компатибилен со ваквите слични законски проекти во западните економии и дека ќе биде еден основен агенс за брз екоомски развој на Република Македонија.

Лично сметам дека е таква перспективата на македонското стопанство која лежи токму во малото стопанство не намалувајќи го значењето на едни поголеми индустриски капацитети кои од своја страна секако не ќе можат да работат без услугите кои ќе ги прават малите капацитети т.е. малите стопанства, занаетчиските дуќани и други физички лица кои се ангажирани во делот на малото стопанство. Затоа независно од политичката опција, па и од националната припадност на

политичките опции сметам дека треба да има еден апсолутен конзензус по виталната стратегија за развојот на економијата и обезбедувањето на економскиот просперитет на РМ нормално сето ова доколку обезбедиме услови за практично заживување на овој закон, а и доколку го сакаме тоа во спротивно донесувањето на овој Предлог-закон ќе биде само една најобична фарса.

Досегашниот пристап на државниот фактор за развојот на малото стопанство не беше соодветен и се одвиваше, како што реков стихијно и неорганизирано без конкретна помош и влијание на државата и како рефлекс на таквиот однос имавме една апсолутна стагнација во стопанството и конкретно на малото стопанство.

Лично сметам дека имајќи ги во предвид географските и климатските посебности на РМ можевме многу да придонесеме за развојот на она што значи мало стопанство во обласа ан земјоделието и сточарството со посебен акцент на малите преработувачки капацитети во овоштарството и градинарството. За жал РМ сеуште претставува една голема суровинска база без развиена преработувачка индустрија каде нашите производи се откупуваат како суровини за да после преработени или доработени другите купувачи од другите држави ги продаваат значително поскапо и со нивни лиценци.

Затоа сметам дека нашата ориентација кон развојот на малото стопанство е стратегиски исправна и треба максимално да ги насочиме нашите активности во тој правец обезбедувајќи услови за негова потполна афирмација. Но, тоа не значи да ги заборавиме и другите креатори, односно субјекти на малото стопанство како што се трговците поединци, потоа лицата кои вршат занаетчиска дејност и други субјекти. Сите тие се значителни субјекти во стопанскиот и економски развој кој може и те како да одигра значителна улога како во развојот и модернизацијата на стопанството така и во намалувањето на невработеноста како доста флексибилн субјекти кои многу побргу и без особени потреси се прилагодуваат на новите услови на стопанисувње.

Се поставува прашање дали има и ако ги има кои се приоритетите на малото стопанство над поголемите капацитети како и во што се состојат разликите на сега пазарно ориентираната економија од досегашната договорна економија. Одговорот е сосема јасен за тоа што значи договорна економија, нема да зборуваме, бидејќи докази има на сите страни, видливи се резултатите на западната пазарна економија и нејзините приоритети над она што значи ретроградно и пропадната договорна источно-европска економија кон која припаѓаме и ние.

Но, се случија доста големи промени од осамостојувањето на РМ и формирањето на засебна држава која нешто значеше при раскинување на македонската економија која во многу беше зависна и нераскинливо поврзана со југословенското стопанство. Затоа беше потребно брзо преоирентирање и адаптација на македонската економија кон новонастанатата ситуација во таков еден амбиент нужна последица беше стихијниот развој на стопанството. Започна појавата на првите облици на мало стопанство за да постепено еволуира во неговата денешна појава и во неговиот денешен облик. Тоа се развиваше колку можеше и умееше соласно условите и можностите кои ги имаше. Денеска цениме дека тоа има перспектива и заради стабилен и долгорочен динамичен развој се наметна потребата од неговиот посебен третман т.е. негова посебна регулација, посебен закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнувањето на претприемаштвото.

Кои се приоритетите и што овозможува системот на економија од типот на малото стопанство? Пред се лично сметам дека вака поственото стопанство овозможува апсорпција на слободна работна рака и тоа како стручни така и профили од пониска квалификација. Значи овозможува зголемување на вработеноста или во обратна смисла намалување на невработеноста. Со оглед на неговата апсолутна флексибилност да обезбедува зголемување на извозот, потоа целосна адаптација кон европските и светските пазарни услови потоа заради специфични услови за работа т.е. напуштањето на она што значи социјалистички тип на работник овозможува зголемување на продуктивноста на квалитетот како и конкурентноста на малите стопанства потоа побрза имплементација на современите технологии и иновации расте бројот на повеќе субјекти на малите стопанства значи предимството е едноставно многу и големо. Но, морам да потенцирам дека токму тука и сега се јавува и најголемиот проблем на кој наидуваат и ќе наидуваат раководствата т.е. стопанствениците на овие мали претпријатија.

Проблемот број 1 е секако можноста за обезбедувањето на кредитирањето на производството, како и неговото приближување кон цените и квалитетот на производите од западноевропските економии. Сите ние знаеме дека нашето стопанство не само што е сиромашно, но истото и исцрпено и тоа финансиски и покрај способноста за производство едноставно не ќе може да произведува а камо ли да произведува по обем и квалитет слично на Западна Европа.

Значи, најголемиот проблем кој се наметнува во овој момент тоа се кредитите, каматите кои треба да се плаќаат по тие кредити и другите услови за земање на

кредити, брзната на земањето, ажурноста на администрацијата и нејзината подготвеност да бидеме сервис на стопанствениците. Сето тоа се проблеми кои мора да ги совладаме доколку сакаме да ја постигнеме саканата цел, а со тоа наше брзо приближување кон системите на европските економии.

Убаво е што со Предлог-законот се предвидува формирање на агенција за поддршка и претприемаштвото и доколку истото е во функција на целите за кои е формирана и доколку не послужи за решавање на одредени кадровски проблеми на коалицијата, но од текстот на законот како е конципирана има многу резерви околу постигнувањето на нејзината цел. Пред се, агенцијата има ограничени финансиски средства кои служат исклучиво за задоволување на нејзините потреби и тоа средства од донации, од сопствени приходи од услуги што не е добро во овој момент да се земе од стопанствениците заради правење на определени програми, средства од буџетот и друго. Значи, не ќе можат  да се пласираат средства во форма на кредити за профитабилни бизниси, но нејзината дејност се сведува на услуги за кои дури и ќе наплатуваат.

Значи, на крајот сакам да потенцирам идејата за формирање на ваквата агенција генерално не е лоша, но доколку биде профилирана вака без интервенции во делот на кредитирањето и изнаоѓањето на пазари надвор од РМ доколку не е во можност да помага на малите стопанства за создавање на услови за работа тешко дека ќе успееме да ја постигнеме саканата цел и едноставно сметам дека ќе остане само мртво слово на хартија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Тасев.

Има збор господинот Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, почитувани членови на Парламентот, претставници на министерствата, на Владата.

Ќе се обидам да не повторувам сето тоа што се кажа од претходните говорници на почетокот ќе кажам дека ќе го поддржам овој Предлог-закон затоа што во многу земји во транзиција е усвоен сличен закон и сметам дека економскиот развој се става во правни рамки како резултат на што ќе имаме организиран развој на сите економски субјекти што се сметаат како мали или средни субјекти.

Јас уште еднаш ќе повторам покрај сето тоа што се кажа од претходните говорници, меѓутоа, ќе дадам некои мои забелешки во врска со неколку членови на

текстот на законот, посебно ќе застанам кај членот 3, за кој сметам дека треба да се преформулира.

Моите забелешки се во врска со текстот на Предлог-законот. Истото го кажав и во ЗПК, сметам дека некои од моите забелешки ќе се предвидат во Предлог-тексот, но гледам дека текстот е ист.

Прво, мислам дека за членот 3 треба да се преформулира слично како членот 4 од Законот за сметководство и одредбите од Законот за трговски друштва. Да бидам поконкретен, одредбата 4.8. од Законот за трговски друштва, закон кој што на детален начин го регулира прашањето на учество на субјектите во капиталот на другите друштва. Значи, слободни друштва или друштва со удел, реципрочен удел.

Второ, незнам зошто предлагачот разговара само за делови, а не и за акции. Разговара само за удели, а не за акции, иако како мали друштва со мал или среден карактер може да бидат и акционерски друштва кои имаат до 50 вработени, или други критериуми кои се предвидени тука.

Другите забелешки ги искажав на комисијата и не би сакал тука да се повторувам, меѓутоа ќе го задржам правото по одговорот на министерот или претставникот на Владата на Република Македонија повторно да земам збор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Владо Илиевски.

ВЛАДО ИЛИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставни на Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Јас сакам да ја потенцирам оправданоста за донесување на овој закон и покрај тоа што има одредени забелешки кон текстот на законот.

Сите забелешки што ги имаме по предлогот се во функција да се донесе добар и квалитетен закон со кој навистина ќе заживее малото стопанство. Имајќи го предвид дека законот го донесуваме во две фази, па има можност за негова корекција.

Почитувани пратеници, со оглед на наследената катастрофална состојба во стопанството на Република Македонија која се гледа во падот на бруто домашниот производ, намалувањето на индустриското производство, зголемувањето на трговскиот дефицит со странство, неопходноста од донесување на овој закон е повеќе од очигледна. Сите знаеме дека двигатели на развојот во

земјите многу поразвиени од нашите се малите и средните фирми и претприемачите, кои поради својата флексибилност и моќна брза трансформација многу полесно можат да го пратат техничко - технолошкиот развој во светот.

Иако сите претходни влади во плановите за долгорочен стопански развој ја третира улогата и значењето на развојотг на малото стопанство и претприемаштвото ова е прв пат преку овој закон, како и преку формирањето на агенција за поддршка на претприемништвото тоа да се преточи во соодветна институционална инфраструктура со реална поддршка на Владата на Република Македонија.

Целите на овој закон обработени во член 4, како што се зголемување на вработувањето, зголемување на извозот и прилагодување на светскиот пазар, зголемување на продуктивноста, квалитетот и конкурентноста на малото стопанство. Примена на современи технологии и иновации. Особено е важно што во членот 5 се обработени мерки и активности со кои ќе се постигнат погоре наведените цели, а тоа се развојот на инстутиционалната мрежа за поддршка на развојот и создавање на конкуретност на малото стопанство, поттикнување на претприемништвото, едукација и обука за претприемништво поефтино и побрзо основање на трговски друштва, информатичко поврзување, поголемо вклучување кон економските интеграциони процеси, даночни и други фискални мерки.

Од ова се гледа дека В Република Македонија размислувала и за даночни олеснувања за малите друштва и претприемачи, но и зас финансиски мерки кои ги разбирам како водење на макроекономска политика со која ќе ги натера банките својот капитал наместо како досега да го вложуваат во благајнички записи и обврзници, обезбедувајќи за себе профит без труд и ризик да го вложуваат во развојот на малото стопанство, а преку него и во севкупниот стопански развој на земјата.

Донесувањето на овој закон, а подоцна со ефектуирање на истиот ќе придонесе да се зголеми бројот на субјектите што ќе се занимаваат со мало стопанство и претприемништво, а тоа само по себе значи зголемување на вработувањето, како и придонес во зголемувањето на бруто националниот доход.

Примената на современи технологии и иновации ќе резултира со зголемување на продуктивноста, а со тоа зголемување на конкурентноста како на домашниот, така и на странскиот пазар, што ќе придонесе да се намали нашиот трговски дефицит во странство, како еден од нашите најголеми економски проблеми.

На крај би додал дека покрај очигледното политичко приближување кон Европската унија и развиениот западен свет, реализацијата и ефектуирањето на овој закон ќе придонесе и за економско приближување, а со тоа и побрз влез во европското семејство на народите каде и природно припаѓаме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Почитуван претседател, јас сум исклучително пријатно изненаден од расправата која се води во врска со овој закон. Мојата животна цел е да се створи богата Македонија, економски развиена Македонија. Македонскиот народ ја согледа својата иднина и перспектива, да се врати кај него поносот и гордоста. Да не го гледаме тој народ да стои пред амбасадите тука во Скопје кој бара можност да замине во светот по корка леб. Сега јас сум охрабрен од расправата која се води. Значи, дека во Парламентот има критична маса, има луѓе кои размислуваат како и јас што размислувам веќе со години. Има луѓе кои веќе ги напуштаат стереотипните расправи на пишани, препишани реферати и луѓе кои практично пренесуваат туѓи мисли. Значи, имаме ние една критична маса која е подготвена, посебно сега го гледам тоа во позицијата да се зафати со решавањето на овој најтежок проблем, а тоа е економијата која ја одведе Република Македонија во тешка социјална економска катастрофа. И ако така ние сите тука во Парламентот размислуваме и затоа пред извесно време предложив 10 точки по кои треба да постигнеме консензус и по кои сите подеднакво да се однесуваме ќе ни треба многу малку време да извршиме пресврт во економијата. Дотолку повеќе што после изборот на новиот лидер на најголемата опозициона партија имав прилиак да слушнам дека ќе се претворат во конструктивна опозиција и ќе ги подржат сите предлози, решенија, одлуки, закони, кои во овој поглед ќе донесат ефекти. Затоа ќе продолжам со предлози и со идеи како и многу пати до сега кои веќе гледам дека во многу институции добиваат поддршка. Гледам дека многу мои идеи и предлози и во Комисијата за антикорупција веќе се усвојуваат. Би бил среќен кога тоа би се правело во оваа област, во економската област, а сум среќен денеска што гледам дека многу луѓе веќе во тој поглед така размислуваат објективно и реално ги гледаат работите и проблемите.

Ние ако сакаме да правиме покрупни, позначајни промени во економијата, па и во овој дел во малото стопанство, ние мораме паралелно со сето ова да ги решаваме крупните проблеми од кои што зависи воопшто економијата, па и малото стопанство и претприемаштвото.

Ќе искористам прилика да кажам и да ја повикам Владата на Република Македонија прва прилика да искористи претседателот на Владата на Република Македонија да ја афирмира тезата и моите искажувања веќе 10 до 12 години да ја подржиме онаа американска теза на многу претседатели, на многу луѓе кои направиле големи, крупни економски реформи и сите актери, сите граѓани, сите чинители да имаат подеднакви шанси. Пред некој ден имав прилика да чујам од човек од кој што сега стана академик, господинот Таки Фити исто така да каже дека мора да се престане со диференцијација на стопанските субјекти. Ние треба подеднакво да се радуваме дали подигнал некој економски производен капацитет, а со своите симпатии припаѓа на социјалистичка партија, или припаѓа на либерална партија или на друга партија, ние тоа треба да го гледаме дека е тоа материјално добро за целата држава. Ние само така ако ги ставиме субјектите, а до сега не беше тоа случај и тоа ни нанесе огромни штети, ако ги поставиме субјектите, рамноправни и да се гледа со истки очи и со ист аршин, тогаш ние веќе првиот услов за развој на економијата, па и на малото стопанство веќе сме го обезбедиле.

Втора работа на која сакам исто така да укажам, а која е голема кочница во развојот на економијата, тоа е админисативниот апарат. Тој е претворен во едно корупционо тело. Секој гледа во секоја работа што може да извлече за себе материјална корист. Тоа е стварано со години, тоа е навикнато со години и ако тоа не може да го најде својот интерес, тогаш станува основна кочница во развојот на економијата. Или ги насочува своите нагони во оние правци во кои што не даваат ефекти. Тој апарат често пати со свои одлуки, па некогаш поддржан од свои шефови практично ја уништува и постојната економија. Според тоа, мора таму брзо и енергично да се пресмета со таквите снаги.

Исто така, јас мислам дека мандаторот мора да има смелост и храброст да отстрани се она што претставува кочница во развојот на економијата. Крајно време е, а гледам дека тоа го согледуваат и други колеги во Парламентот, ние да преземаме крупни мерки во стварање на услови за развој на економијата во Република Македонија. Ние дури треба да одиме до таму да извршиме крупни промени во макроекономската политика, меѓутоа, денеска за тоа нема да зборувам, затоа што имаме на дневен ред една друга точка, но друга прилика, а тоа веќе го

заговарам и треба да се напушти дезата дека за тоа не е Меѓународната заедница. Дека за тоа не е Меѓународниот монетарен фонд дека за тоа не е Светската банка како што ги викаат финансиските институции и т.н. Таму каде што останале доследни на нивните начела ниту една земја економски не се развила и не ги решила економските проблеми. Ние треба да градиме со нив односи, но мораме да имаме сопствена макроекономска политика и во однос на курсот на денарот и во однос на инфлацијата и во однос на процентот на развојот на економијата. Таа не смее да биде под 10%.

Да се вратам сега на законот. Јас во принцип веќе 10 - 12 години се определив да го подржувам секој закон од областа на економијата за да нешто се направи во економијата. Го подржав и Законот за вработување и мнгоу ми беше чудно кога во печатот со задоволство се пишуваше и електронските медиуми зборуваа за тоа и го нападнаа законот, затоа што биле вработени 675 луѓе. Па, 675 луѓе пак е бројка. Значи, нешто е направено. Но, ако видиме дека тој закон има недостатоци, тогаш да кажеме дека ги има. Дајте сега подносителите на тој закон, и ние да седнеме група пратеници да предложиме тие работи што ја кочат примената на тој закон да ги отстраниме. Брзо и Владата на Република Македонија да ги остранува и да го направи тој закон ефикасен.

Затоа е момент сега кога носиме друг закон во тој правец, законот за развој на малото стопанство и претприемаштвото, ние треба да имаме едни анализи зошто ако имавме ориентација или ако имаше ориентација оваа држава, уште во 1991 - 1992 година развој на малото стопанство, цврста ориентација и определба зошто тоа мало стопанство не се разви до сега.

Дали е тоа недостаток на кредит, дали имаме недостатоци во царинската политика, дали имаме недостатоци во даночната политика. Исти такви анализи требаше да направиме. И со овие агенции што ги имше досега, регионални, кои се финансираа од ФАРЕ, па оној НОУ ХАУ, Лондонски фонд и тн. Да видиме што се причините, што тие не ги дадоа очекуваните ефекти. Воглавном парите отидоа на разни предавања, разни анализи, списанија, книги, под мотивација на едукација и тн. Нема од тоа ништо, ако не одат средствата во инвестиции, во опрема, во производни телови. Според тоа таа анализа треба да биде јасна, конкретна и да ги видиме причините што досега таму нема никакви ефекти. Тогаш тие да не ги повторуваме во овој закон. Членот 3 и 4 од законот се потполно нереални, неостварливи, неиздржани. Тоа се само декларативни работи. Малото стопанство не може да го реши проблемот на извозот. Малото стопанство не може да го реши

проблемот на вработувањто. Малото стопанство не може да создаде транспарентност, таква каква се очекува. Малото стопанство е допуна на големото стопанство, како овде што се зборуваше, а таму во законот се врши деконтаминација на големото стопанство од малото стопанство, па да не е повеќе од 25% и тн. Не знам, не ми е јасно што е тоа. Еднаш се вели дека оваа агенција не смее да биде профитна, во член 8, а веќе во член 12 се зборува дека остварува приходи од проекти, идеи и незнам што. Практично таа станува дуќан за печалење на поединци. Таа агенција може да биде само за вработување, можеби на седум осум или десет луѓе. Такви агенции до сега имавме, а немаме ефекти од нив. Што се тие агенции. Ќе имаме директор, секретарки, куварки, книговодители, шофери, швалерки и незнам што уште, од се по нешто. Зошто тие агенции не се соберат сите на едно место, па да има еден административен апарат. Таму се потребни креативни луѓе. Таму требаат луѓе кои ќе даваат идеи, кои ќе трчаат, кои ќе го развиваат тоа стопанство. Но нас не ни требаат апарати. Ние гледаме колкав апарат имаме, 140 илјади луѓе вработени а ни требаат се на се 20 илјади. Ако сакаме да опстоиме како држава. Според тоа, јас нема да ги повторувам укажувањата на Љупчо Јордановски, на Ангел Димитров, но потполно се согласувам со нив. Дајте ние да направиме решенија и ефекти кои ќе го развијат тоа стопанство, а тоа значи, што ќе направиме во даночната политика, колку години и за колку ќе ги ослободуваме тие малостопанственици од големите даночни зафаќања, каква царинска политика ќе водиме, под кои услови ќе го кредитираме малото стопанство.

Се вели во законот дека ќе се направи програма, па Владата ќе ја усвои и изворите на средства ќе бидат од буџетот, донации, од сопствени приходи и тн. Не. Ние мораме прво да кажеме дека тоа мало стопанство е една од причините што не успеа и што се удави, тоа се тешките услови на кредитирање, а тоа значи високи камати, какви рокови на враќање на парите. Дефинитивно оваа држава мора да се избори на најенергичен начин, каматите во банките да паднат на 5-6%, како што е во светот, средства кои ќе се пласираат во сферата на инвестирањето. Секоја држава има модели, начини и форми како да го направи тоа. Не е точно тоа, банките самостојни, Народна банка самостојна. На кого тоа го кажуваме. Според тоа, тука треба да се нагази и како уште побенифицирани камати да обезбедиме во малото стопанство, преку разни фондови, преку разни други форми и методи и тн. Луѓето имаат идеи. Луѓе кои што немаат идеи тие и не се зафаќаат со развој ни на мало, ни на средно, ни на големо претпријатие. Тие без идеи ќе работат во тие субјекти. Според тоа, тој што знае, што има идеи, што може тоа да го направи, ние треба на

тој дел да му обезбедиме. На оној дел што нема идеи, не можеме ние да му ги продадеме. Според тоа треба да ја создадеме општата клима во тој поглед и треба ние тука во Парламентот да враќаме вакви закони кои не се јасни, кои немаат ефекти. Треба да ја имаме таа храброст. Да бидеме доследни во тој поглед. Јас овде не гледам партиски интереси. Тоа мене воопшто не ме интересира. Јас гледам дали ние можеме оваа држава да ја извлечеме од оваа тешка состојба. Можеме ли да направиме пресвртница. Мислам дека во Владата има луѓе кои сакаат тоа да го направат, но имаме и луѓе кои сакаат да се задржи статус кво и да ловат во матно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Жерновски.

АНДРЕЈ ЖЕРНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри,

Мислам дека денес Парламентот треба да биде навистина горд на самиот себеси, поради дискусиите кои се слушаа досега овде, посебно по оваа точка од дневниот ред. Мислам дека Владата треба да е горда на парламентот, бидејќи ваков Парламент најмногу ќе и помогне на Владата да носи уште поуспешни, поконкретни законски проекти и решенија.

Она што за мене е највважно е што граѓаните се задоволни од ваков Парламент. Не случајно се враќа довербата, според оние испитувања што ги имавме во медиумите, бидејќи на граѓаните им е потребен токму ваков парламентарен состав каде што, независно од тоа дали пратениците ги бранат боите на опозицијата или на позицијата, сите дискутираат критички, конструктивно. Под критички подразбирам и позитивна и негативна критика. Во тој правец и дух навистина ќе биде и дискусијата на пратениците на ЛДП. Таква дискусија имаше господинот Најдовски, таква дискусија ќе имам и јас. Значи поздравувајќи ја иницијативата што на оваа 22 седница ја имаме точката - Предлог за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство, секакви поттикнувања на претприемништвото.

Би рекол дека неоспорно е што еден од приоритетите на РМ, согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација е прилагодувањето на постојните идни закони, со оние на заедницата.

Програмата за приближување на националното законодавство со она на ЕУ, ја обврзува нашата држава да направи преглед на домашното законодавство и се разбира, доколку има потреба, а има, истото да го усогласи со европската легислатива или да донесат сосема нова.

И покрај тоа што во овој случај пандан на овој закон во земјите на ЕУ и нема, а според моите сознанија тоа може да биде само Европската повелба за мали претпријатија, пратеничката група на ЛДП го поддржува овој предлог за донесување на законот затоа што за истиот веќе е преземена обврска со постојната програма за приближување на националното законодавство со она на ЕУ.

Искрено се надевам дека активностите за подобрување на амбиентот во кој работат малите и средни претпријатија, секако и реализацијата на прокламираната политика за поддршка на секторот од страна на актуелната Влада на РМ, нема а заврши со донесување само на овој предлог-закон.

Јас би сакал дискусијата да ја насочам во три правци.

Прво околу предметот и содржината на самиот закон.

Општ е впечатокот, можевме тоа и досега да го слушнеме, дека прокламираните цели на законот тешко ќе може да се реализираат, ако ништо друго, тогаш токму поради непостоење на компатибилност меѓу причините од една страна и целите, заради кои се носи законот и секако поради самата содржина на законот. Имено, се поставува прашањето што е предмет на самиот закон, дали се тоа, како што се наведува мерките и инструментите на националната политика кои се однесуваат на поддршката на развојот, создавање конкурентност на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото или пак предмет на овој закон е формирање на агенција за поддршка на претприемништвото на РМ.

Дел од овој закон кој според содржината, искрено кажано единствено и коренспондира само со насловот на законот. Во предложениот законски текст може да биде само првата глава во која , според мое видување се вградени одредбите со декларативен карактер, чија имплементација е исто така, да бидам искрен е декларативна. Општ е впечатокот дека законот треба да претставува само основ за формирање на агенцијата за која дискутиравме цело време, која всушност е поддршка на предприемништвото на РМ.

Мораме прво да си го поставиме прашањето треба или не треба формирање на една нова агенција. Знаеме дека Владата на РМ мислам беше во 1997 година ја формираше националната Агенција за промоција на претприемништвото или популарно кажано НЕПА, со цел истата да биде имплементатор на програмите и

проектите за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија.  Истовремено, да не заборавиме и беше доверена и задачата за реализација на средствата од ФАРЕ кредитната линија.

Мислам дека, пред воопшто на нашите сесии да дискутираме за потребата од формирање на нова агенција, треба да имаме во вид една целосна и опфатна анализа за причините за неуспешното функционирање на НЕПА. Парламентот мора да биде сигурен дека со евентуалното формирање на оваа агенција ќе бидат надминати барем дел од причините кои довеле до таа состојба, во програмата за мерки и активности да стои констатацијата дека НЕПА покажала  незадоволителен степен на реализација на поставените задачи од бројни причини, објективни, се разбира, исто така и субјективни. Во програмата, да потсетам, уште стои дека НЕПА не постигнала залбележителен степен на соработка со надлежните министерства и органи на Владата, што загрижува, ниту координација на различните проекти и иницијативи за поддршка на малите и средни претпријатија и целосно го изгубила својот кредибилитет и репутација кај меѓународните донатори кои од тие причини, за жал, се повлекле од натамошна финансиска  поддршка.

Второ, би се осврнал малку на потребата од хармонизирање на предложените законски решенија кои ни се доставени, со постојната домашна легислатива, како и со потребата од почитување на меѓународните договори и имплементирање на обврските од Спогодбата за стабилизација и асоцијација што милуваме често да ја спомнуваме.  Имено, недостасува  точна претстава на сите нас, кои се средствата за поддршка на развојот на малото стопанство чија  реализација и користење се дефинира со Предлог на закон. Дали се тоа од една страна средствата од буџетот на РМ и сопствени средства, се разбира на Агенцијата, или пак од друга страна средства од програмите и проектите на меѓународните финансиски институции во РМ, наменети, се разбира за поддршка на овој сектор. Сакам да верувам дека станува збор за средствата од буџетот на РМ, или како што реков од сопствените средства на Агенцијата и мислам дека во законски текст треба да се даде приоритет на истите.

Почитувани пратеници се изема од предвид дека средствата од програмите и проектите од меѓународните финансиски институции во РМ, наменети за поддршка на секторот се рализираат, како прво согласно пропишаните процедури на меѓународните институции, за средства од фондови, до кои, се разбира нашата држава има пристап, исто така и од програмите кои се реализираат по основ на

потпишани договори од страна на Владата, а во согласност со условите и критериумите утврдени во дефиницијата на проектното барање.

Почитувани пратеници, овие претпоставки ја исклучуваат можноста средствата од овие програми да се трошат со распишување на тендер од страна на Агенцијата и според Закон за јавни набавки, како што е дефинирано во Законот. Оваа одредба на законот може и мора да се однесува само за средствата од буџетот на РМ, се разбира и за сопствените средства на Агенцијата.

Понатаму во годишните и полугодишните веќе усвоени рограмски стратешки документи на меѓународните институции во РМ, за периодот до 2006 година, не постојат програми и проекти со чија реализација се дава поддршка за подобрување на капацитетот на институциите кои даваат поддршка на секторот. Потенцирам, не постојат.

Во делот на усогласувањето на предложените законски решенија, со постојната домашна легислатива, би напоменал дека за мене е дискутабилен и пристапот во член 3, како што спомнаа и моите претходни колеги и начинот во правењето на класификацијата на стопанските субјекти и други физички лица, како и, што е можне битно, дефинирањето и воведувањето на нов назив и нови критериуми во постојната законска регулатива.

Исто така сметаме битно прашање кое исто така треба да биде разгледано на денешната седница е, можеби предлагачот би требало уште еднаш да размисли за законската можност за реализација на предложеното решение, дирекор на агенцијата да биде странец, дали е тоа потребно или не е потребно и дали, всушност, да си го поставиме прашањето, тоа е во согласност со Законот за државни службеници. Можеби поприфатливо би било решението, Владата на РМ односно Секторот за мали и средни претпријатија, да го стави во секторските приоритети, во оној дел каде ќе се побара техничка помош преку сега веќе толку спомнуваната ТВИН програма на ЕУ и на тој начин да се обезбеди експертска помош за евентуално новоформираната агенција.

Трето, мислам дека треба како пратеници воопшто да се осврнеме и на она што се нарекува Централизација на активностите во Секторот на малите и средни претпријатија.

Ако се погледне програмата, таму дури е наведено дека агенцијата ќе биде централа државна институција за поддршка на претприемништвото, а ќе има за цел да развие мрежа, се разбира сервиси за претприемачи на национално, потоа на регионално и се разбира на локално ниво.

Во Предлог-законот се оди дури и понатаму, па покрај агенцијата за основање на институциите за поддршка, се наведени и донатори. Би повторил агенцијата може да биде само координатор на активностите и заедно со Владата, се разбира или ресорното министерство и понатаму да работи на создавање на услови во оваа активност.

Имајќи го предвид фактот што поддршката на секторот еден од владините приоритети, што е тоа добро, во наредните години, Владата мора да обезбеди средства од буџетот со цел да имаме поддршка на таа програмска активност.

Предусловите за успешно функционирање на ваков модел, можам да ви кажам со сигурност дека и постојат. Како прво, Владата на РМ во текот на 1998 година, на основа на изготвена студија донела одлука за избор на децентрализиран модел при формирање на регионални центри за поддршка на Секторот на мали и средни претпријатија и второ, веќе е донесен Законот за здруженија на граѓани и фондации и основани се осум централи: Скопје, Куманово, Битола, Струмица, Велес, Охрид, Тетово и Гостивар. И трето, донесена е програма на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малите и средни бизниси во РМ.

Јас искрено незнам кои се причините што предложениот текст на законот, односно во него се нудат поинакви решенија, имајќи го предвид и фактот што со Законот за локална самоуправа, во надлежностите на единиците на локална самоуправа е и локалниот економски развој каде е прецизирано, поддршка на развој на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, а во тој контекст и учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции, агенции и промовирање на партнерството. Се надевам дека предлагачот ќе ја прифати оваа забелешка и ќе ја предефинира оваа законска одредба, а со цел да се потенцира улогата на единиците на локалната самоуправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, министри,

Ќе се трудам да не повторам нешто што е кажано, сигурно во правец на подобрување на овој предлог-закон а сакам од економска гледна точка да дадам свои видувања.

Посебно задоволство ми претставува што вакви закони доаѓаат овде пред Парламентот и непобитен е фактот дека иднината на граѓаните на РМ може да се обезбеди успешно, пред се во правец на економско заживување односно економски просперитет што треба да се направи во наредниот период, а за таа цел неопходно е да се преземат низа мерки и активности за успешно остварување на истата. Сигурно во тој контекст битно место зазема и развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото, што денес, во еден дел, со предлагањето на овој предлог-закон, истото се сака и законски да се регулира, за успешно спроведување на овие активности. За самиот закон нешто подоцна би кажал и сакам да кажам свои видувања кои, верувам во натамошната фаза, и добро е што е прва фаза, изготвувачите на истиот закон ќе ги имаат предвид и ќе им бидат од голема корист за завршниот текст по овој закон.

Во месец јануари ние добивме програма од Владата, токму во правец на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање на конкурентност на малите и средни бизниси, односно малите претпријатија што програмата добро си ја разгледале. Можам да кажам дека програмата е добра и дава простор за создавање на конкурентност во приватниот сектор во РМ, што заправо значеше и операционализација на политиката и стратегијата за малите и средни претпријатија, преку разни форми на финансиска поддршка за истите претпријатија, за да создадат услови за отворање на нови работни места, намалување на невработеноста, зголемување на извозот и сл.

Развојот на малите и средни претпријатија, односно нивниот успешен развој мора да се потпира врз неколку основи кои сметам дека во предложениот Предлог-закон што денес е на дневен ред и како што истакнав добро е што е во прва фаза не се доволно опфатени, односно не се доволно конкретизирани, а тоа е пред се, мора да се води сметка за создавање на институционална инфраструктура за поддршка на претприемаштвото и конкуренцијата. Понатаму да се води сметка за промоција, односно водење сметка на економското опкружување, водење сметка на нефинансиски форми за поттикнување на истото и водење сметка за финансиски форми за поттикнување односно на развој на малите и средни претпријатија. Многу е битно и значајно, треба да се знаеме прецизно да се утврдат меѓусебните односи на сите надлежни релевантни државни институции, нивната координација, надлежности во правец на успешна поддршка на малите и средни претпријатија што во самиот Предлог-закон можеби не е доволно прецизирано иако можеби е опфатено во членовите 4 и 5 од самиот Предлог-закон, но истото не е

конкретизирано кој за што ќе биде надлежен. Понатаму, во делот на економското опкружување мора да се истакне дека сите досегашни согледувања укажуваат на фактот дека сложените процедури, бројните административни пречки, високите трошоци, како и присутноста на корупција кај надлежните органи за издавање на потребни уверенија и дозволи делуваа можеби и понатаму ќе делуваат крајно негативно кај претприемачите без разлика дали се домашни и странски. Истото мора конкретно да се прецизира што не е направено или не е дефинирано во истиот закон. Ние знаеме дека и досега се правеа напори истите формалности да се извршуваат “на едно место”, тие бариери да се одбегнат и секој кој што е заинтересиран фактички да влезат во овие активности во формирање на мали и средни претпријатија, истите такви бариери да се отстранат. Праксата досега многу негативно делуваше, секој во контактите кој што сака да вложи се разбира во претпријатијата најповеќе беа разочарани од тој таканаречен бирократизиран апарат и еднаш мора тука да се застане на патот и таквиот начин на работа понатаму да не го имаме и да чекаме за едно уверение, или за дозвола за некој проект да се чека со месеци, едноставно желбата и оптимизмот што го има некој се разбира ќе го напушти и нема да влезе во една таква активност која што би имала соодветна економска голема цел. Понатаму, во нефинансиската поддршка мора конкретно да се каже кој ќе ги врши обуките, информациите како ќе се прават бизнис плановите, конкуретноста и тн. Исто така, од неопходно и големо значење е финансиската поддршка што треба да се даде на оние кои што сакаат да се занимаваат со овој тип на развој на малите и средни претпријатија. Мора апсолутно да се има во предвид преку кои банки, на кој начин, доста средства се разбира влегуваат и по основ на донации. Понатаму во делот на гарантните фондови мора да имаме. Вие знаете дека пласирањето на парите преку соодветните банки денес е една многу сложена процедура која што бара и хипотеки и тн., а вие знаете дека во делот, во западниот дел на Македонија праксата покажува дека и хипотеките многу тешко како такви се остваруваат и многу заинтересирани страни не можат да дојдат до соодветните средства. Би сакал да се осврнам со уште неколку реченици, иако се кажа, во делот на формирање на Агенцијата. Лично сметам дали можеме еднаш да формираме Агенција која што би била непрофитна и така е кажано во членовите дека таа ќе биде непрофитно правно лице, па веднаш во другиот член дека таа ќе остварува соодветни приходи по основ на своето работење. Мислам да не создадеме некое тело кое што во членот 12 дека Агенцијата ќе пропишува соодветен тарифник за извршените услуги, па да не испадне  дека и таму соодветни високи провизии ќе се

остваруваат во делот на потпомагање на изготвувањето на проектите и тн. кое што може негативно да делува на сите овие кои што би се вклучиле во правец на развојот на малите и средни претпријатија. Тоа можеби во пазарна економија е неприфатливо дали може оваа агенција да биде чисто непрофитна, нека се финансира од буџетот, за да ја дава целокупната помош на сите оние кои што се вклучени за да истите вложуваат и ги развиваат малите и средните претпријатија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор Ангелка Пеева.

АНГЕЛКА ПЕЕВА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почиуван министре, очигледно е дека пратениците вклучувајќи се и себе свативме дека вработувањето е еден од клучните национални интереси во Републиката како што е нејзината независност и суверенитетот. Тенденцијата на осиромашување на граѓаните кое што се качи над бројката од половина милион, сериозно го загрозува постоењето на државата во прв план, а потоа и постоењето на политичките партии и пратениците како извор од таквото политичко структуирање. Што значи дека по ова прашање не треба да се прави разлика кој од кој етникум доаѓа или кој од која политичка партија доаѓа. Секој предлог е добронамерен и добродојден и се надевам дека во тој правец и министерот за економија ќе ги свати и ги сваќа дискусиите кои што денеска произлегоа како резултат по предложениот закон. Овој закон не значи усогласување на македонското законодавство со Европската Унија. Овој закон значи заживување и зголемување на бројот на вработените во Република Македонија во следните четири години. Ние како претставници на коалицијата “За Македонија” го ветивме пред граѓаните и мораме да го исполниме. Се разбира еден закон неможе да донесе ефект каков што се очекува и неможе тоа да го стори на кратки стази. Зрелата генерација на работоспособни граѓани во Македонија се во континуирана збунетост, очекување и стрес. Транзицијата се прекршуваше на нивните судбини и лични и семејни со последици кои се тешко видливи од надвор и на секој поединец жртва на традицијата ќе ги носи со себе до крајот на животот. Секое објаснување за неминовноста за таквата состојба останува недокажана и многу тешко одбранлива. Факт е дека годините од осамостојувањето до денес се години на страшни историски турбуленции во политиката, но уште повеќе во економијата. Но, исто така, факт е дека во минатата деценија имавме пробив на нови техники и вештини во

работењето во глобалните мрежи во компјутеризацијата, во глобализацијата , во економијата. Скоро преку ноќ стариот систем на економски менаџмет стана неупотреблив и неприменлив. Во тој вакум на развој на нештата средната класа граѓани во Македонија полека но сигурно се маргинализира, остана заборавена во очекувањето дека нешто треба да се стори. Мора да се признае дека државните институции не вложија потребна енергија да го канализираат, објаснат и стратешки да го постават тој процес на трансформација во економијата и ефектот врз поединецот во тој процес.

Од друга страна, стариот начин на државно управување со економијата создаде прилично силен систем на вредности кои кај поголем сегмент од работоспособното население од зрелата генерација сеуште претставува репер за тоа како треба државата да се однесува кон вработените. Најновото време, времето на конкуренцијата и иницијативата претприемништвото бара сосема други критериуми за опстанок на секој економски субјект. Кога се вели секој економски субјект не се исклучува ниту државата, ниту од неа формираните јавни претпријатија кои го уживаат комодитетот на сигурен опстанок под државна капа. Развојот на претприемништвото т.е. стартувањето на мали бизниси и развојот на процесот на самовработување и вработување е еден од патиштата за поефектен брз и сигурен економски развој. Се разбира, оние похрабрите кои што се 3% со сопствена иницијатива и почетен капитал веќе формираа и иницираа нови бизниси и мали бизниси. Прашање е колку државата на тие што веќе тоа го стартувале во изминатиот период па дури и сега им помага да ги развиваат, да ги креираат и да вработуваат што поголем број на работоспособни граѓани. Ми се чини дека државната бирократија во изминатиот период напротив го отежнуваше процесот на формирање и стартување на мали бизниси. Граѓаните талкаа од едно до друго место собирајќи ја потребната документација и барајќи начин како полесно и поефектно да дојдат до потребните извори на средства со пониски камати и тоа најчесто одеше преку системот од еден на друг без јасни информации во јавноста. Се надевам дека формирањето на предложената Агенција за поддршка на претприемништвото и малото стопанство ќе има функција на едно централно биро каде што ќе можат полесно да се добиваат таквите информации. Но, од друга страна ќе биде и агенција која што ќе работи во функција на оние што тоа го бараат од неа. Значи не е бирократизиран државен апарат кој што ќе постои сам за себе и ќе завршува сам со себе.

Од друга страна во предложениот закон се вели дека една од основните цели на Агенцијата е реализацијата на политиката и програмата на Владата, што ќе рече, дека ако не постои таква политика и таква програма од страна на Владата, тогаш и самата агенција нема да има функција која што ќе треба да ја остварува. Затоа велам не му е воопшто лесно на министерот за економија исправен пред 120 пратеници кои имаат огромни очекувања од овој закон, но, тој сам по себе неможе да ги даде конечните резултати затоа што системот на решавање на прашањето на невработеност бара стратешки решенија, долгорочни решенија кои што ќе можеме да ги добиеме и тие ќе ги гледаме денес за десет, дваесет години однапред. Во тој правец предлагам да се направи консултација со искусни македонски кои што можеби ќе имаат некакви предлози, кои што би влегле во втората фаза во овој закон и кои што и нам на пратениците ќе ни дадат смерница во кој правец да го разгледуваме законот во неговата втора фаза. Во спротивно, доколку се задржиме само на она што е понудено денеска како Предлог сметам дека нема да бидеме задоволни од резултатите што ќе ги добиеме како сектот самоформирањето на една агенција која што од друга страна нема да биде опкружена со системски решенија кои што ќе овозможат на потенцијалните и сегашните малостопанственици барем покривање на нивните иницијални трошоци за старт што значи развивање на бизнис планови, истражување на македонскиот пазар и создавање на производ за македонскиот пазар, истражување на пазарите во нашето опкружување, стратегија и пласман на евентуалните стоки и услуги. Се надевам дека Владата ќе ги прифати предлозите кои што беа прилично конструктивни од скоро сите пратеници кои што дебатираа на оваа тема денеска и дека во втората фаза ќе имаме повторно добра дебата а во функција на развој на малото стопанство и зголемување на бројот на вработените, како што кажав еден од националните и стратешки интереси на Република Македонија, на политичката Влада и на опозицијата во Република Македонија.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон..

Министерот за економија бара збор, господинот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот го предложивме во две фази со намера да чуеме и во Парламентот дискусијата, да видиме тоа што можеме да го вградиме, да го вградиме, но пред да дојде во Собранието ние обавивме врз основа на овој предлог стручна, да речам расправа со експерти од Универзитетот во Скопје, со приватни стопанственици, со банкарите, со меѓународните организации, со сите министерства и на крајот Владата го предложи овој предлог до Собранието. Значи консултациите се правени со сите, а како модел е земен моделот на Словенија, во основа прилагоден на потребите во Република Македонија.

Што е основната цел, би рекол прво на програмата која ја донесе Владата во јануари  а еден сегмент мал сегметн од таа програма е овој закон. Основната цел е да се ослободи претприемништвото во Република Македонија од стегите на државата, бидејќи било тоа да е на би рекол на централно ниво или пак на локално ниво и стварање на институции кои можат да го поддржат развојот на малото стопанство. Мислам дека тоа е еден од основните проблеми во Република Македонија.

Вториот дел е кој не е составен, а тоа е заправо дел што овој закон го предвидува, и во законот ние можби ние можевме да одиме само со закон за агенција за поддршка на претприемништвото, меѓутоа тргнувајќи од европските норми мало стопанство во Европа е 250 работници минимум, кај нас ние го ограничивме на 50 работници, бидејќи доколку го ставевме европскиот модел, тогаш ќе значеше дека 98% од стопанството претставува мало стопанство. Значи го ставивме на поддршката на претпријатијата до 50 работници вработени како мало стопанство. Значи тоа е првиот дел институционален.

Вториот дел е финансискиот дел, или вториот дел повеќе не финансиската поддршка на малото стопанство, а тоа е формирањето, да речам или помагањето преку формирање консултански организации, деловни инкубатори, регионалните центри кои сега не ги врзуваме по основ на тоа донаторите да ги финансираат, туку ги врзуваме врз основа на програми кои треба да ги понудат на Агенцијата, за да парите кои ќе бидат ставени во функција да не бидат во функција, како што некој од пратениците зборуваа за секретарки или за нешто друго, туку да бидат ставени во функција на развојот на малото стопанство. Значи тие ќе конкурираат за да ги добијат тие средства. Врзувањето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото со регионалните центри, со деловните инкубатори, со консултантите, доколку ги

прават бизнис плановите за претпријатија кои ќе бидат 50% со средства од Агенцијата за претприемништво и да се упростат бизнис плановите за што ние ќе разговараме во рамките на Советот или Координативниот совет за поддршка на претприемништвото и конкурентноста, што наскоро треба да се формира, а основата се гледа во овој закон, во членот 2, каде што министерствата ќе бидат во малцинство, во мнозинство ќе бидат стопанствениците, банките и др. Кога велам стопанственици, мислам и на големото стопанство и на малото стопанство. Според тоа, во една таква дискусија ќе може да се согледаат сите проблеми и врз основа на тоа да се предлагаат мерки до Министерството за економија, а Министерството понатаму да ги предлага до Владата. Значи, работиме на еден модерен систем, систем кој ќе биде поврзан само на финансирање врз основа на успех, а не финансирање заради вработување, заради институции и заради нивно одржување. Тука се и еуроинфо центрите кои треба да се формираат и би рекол тоа што го зборував во нефинансиската поддршка, изработна на бизнис плановите, обука и тн.

Финансиската форма на подршка на претприемништвото, денес во Македонската банка за подршка на развојот имаме 63 милиони евра, кои се депонирани надвор од Република Македонија со релативно поволна каматна стапка, но тие не можат да се користат заради тоа што немаме бизнис проекти. Тоа е основниот проблем во Република Македонија . Ние треба да создадеме институции и институционалност за да можеме да дојдеме до оние  3 до 4%. Толку можат да бидат претприемачи, 3 до 4% од вкупниот број на населението и ние треба да ги поставиме институциите , за да дојдеме до тие 3 до 4% , да ги охрабриме да направат бизнис планови и тие бизнис планови да дојдат банкарскиот сектор за да можат да бидат одобрени. Во спротивно, мислам дека давањето пари, давањето фондови, тоа значи само губење на пари и ништо друго од тоа.

Понатаму, потребна е една навистина голема дерегулација, односно ослободување на претприемништвото. Меѓутоа, тоа не може да се направи во овој закон. Тоа е прашање на 72 законски проекти кои треба да се променат, за да може да се дојде до регистрирање на фирма на едно место, за да може сите потребни документи да се добијат на едно место и да се добијат во период кој е потребен за да не ги враќаме инвеститорите назад. Тоа е проект кој е многу голем и се работи заедно со Светската банка. Значи, треба информираност, знаење, за да се знае за што денес дискутираме.

Трето прашање: Постојат програми, постои Програма која веројатно денес е објавена во “Службен весник”, со која подржуваме надоместување на дел од

трошоците на деловните субјекти за консултански услуги, надоместуваме дел од трошоците, а тоа се околу 50%, за деловни субјекти за сертификацијата на системот за квалитет , надоместуваме дел од трошоците за деловни субјекти за изработка на промотивни материјали наменети за странските пазари. Надоместуваме дел од трошоците на деловни субјекти за спроведување на акредитациона постапка , кофинансирање на трошоци на деловни субјекти за учество на меѓународни саеми и изложби во странство во организација на Министерството за економија, а по иницијатива на домашни деловни субјекти и нивни деловни здруженија. Потоа кофинансирање на трошоци на деловни субјекти за учество на бизнис форуми , организирање на бизнис форуми, едукативни, инфорамтивни и промотивни семинари и обуки во Република Македонија од страна на Министерството за економија, и да не ги читам натаму другите активности.

Понатаму, работиме на проект, програма - и наскоро ќе излеземе во Владата, се надевам дека тоа ќе биде во јули месец, а после тоа да дојде во Владата - за подршка на инвеститорите, особено на странските дирекни инвестиции. Денес навистина е сериозен проблемот кога доаѓа еден странски инвеститор. Не зборувам за инвестиции од типот на Мобимак, Окта или некои други, но зборувам за инвестиции кои се во мали и средни претпријатија. Тука е основниот проблем, инвеститорот кој ќе дојде од странство треба да шета 6, 7 или 10 месеци, за да ги собере потребните документи. Нема шанса. Ние ги одвраќаме инвеститорите. Значи, ние сакаме да формираме институција која ќе ги подржува странските инвеститори, која ќе ги прифати на Ајродром и ќе ги донесе на секое место, да ги идентификува проблемите и да им помага на странските инвеститори.

Понатаму, работиме на измените на Законот за трговски друштва, со што сакаме да им овозможиме на акционерите една поголема транспарентност и поедноставен закон кој би можел, тргнувајки од практиката во Република Македонија и европското законодавство, да овозможи олеснување во менаџирањето на претпријатијата и целиот тој комплекс на прашања врзани за законот за трговски друштва. Работиме и ќе доставиме комплетно нов закон за трговија , кој практично треба да значи заштита од нелојалната конкуренција на доашното производство. Значи, согласно Спогодбата со Светската трговска организација и со Европската Унија, таму имаме предвидено одредени заштитни елементи кои би требало да го заштитат домашното производство од нелојална конкуренција. Значи, тоа е цел комплекс прашања за да можеме да дојдеме до решението што би значело

вистинска , а не декларативна подршка на развојот на малото стопанство, но и на развојот на големото стопанство тука.

Во таа смисла, предлозите кои се концептуално спротивни на овој закон, со ова што денес  беше дискутирано Владата ќе се определи дали ќе ги подржи нив, а тоа значи дека ќе имаме нов концепт на закон, или пак дел од дискусиите кои беа во правец на негово подобрување, се надевам дека Владата ќе ги прифати. Значи имаме еден, јас би рекол многу голем систем, систем кој треба да се прилагоди спрема пазарните услови и пазарната економија, а не систем кој треба да не враќа во некои поранешни времиња.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека има после воведното излагање нови дискутанти, давам пауза до 15, 00 часот, кога ќе продолжиме со работа.

(Пауза од 14,00 до 15,10 часот).

Продолжуваме со работа.

Господине Јашари, дали прифаќате да дискутирате во отсуство на претставникот на Владата или не? (Не).

Бидејки е тука претставникот на Министерството, да преминеме сега на седмата точка од дневниот ред, а потоа ќе продолжиме со дискусија по оваа точка.

Преминуваме на Седмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот , со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставениодносно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Ги молам стручните служби и Комисијата за надворешна политика да известат, ако уште работи да прекине со работа и пратениците да дојдат во салата.

Молам, дали некој бара збор?

Господине Стаменков, вие сте пријавени за збор за претходниот закон, така? (Да).

Има збор господинот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Уште веднаш на почетокот на моето излагање да ја расчистам дилемата дека ќе гласам за овој закон од причина што овие измени се однесуваат на роковите кои ќе продолжат до крајот на оваа година за трансформацијата на станарското право во однос на закупот. Исто така, во делот на законските измени се и технички корекции и усогласувања на овој закон со Законот за органите на управата. Но со мојата дискусија сакам да дадам придонес во севкупната дебата за потребата од натамошно дополнување на овој закон, во наредниот период.

Станот од секогаш бил врзан за основната клетка, домаќинството, односно семејството кое во него си обезбедува сигурност, остварување на своите потреби и желби и изолирање од надворешниот свет. Станот со својата околина претставува животна средина, која по должината на траење и користење во човековиот живот и непосредното делување на човекот врши пресудно влијание на неговата физиолошка сфера, неговата психа и неговиот емоционален живот.

Поимот домување опфаќа значително поширока функција од онаа што ја има самиот стан. Домувањето на современ културен начин не значи само престојување во затворен стан, туку и во отворените простори околу станот, можност за користење на околните спортски и детски игралишта, остварување блиски врски со јавните функции, културнито живот, можноста за одмор и освежување во просторот околу станот. Поради тоа, домувањето во зависност од просторните рамки во кои се одвива се дефинира во потесна смисла како биолошко-физиолошка функција, а во поширока како еколошко социјална функција.

За решавање на конкретните станбени проблеми неопходно е да се истакне интегралниот карактер на поимот домување, односно да се свати корелацијата и нераскинливата поврзаност меѓу потесниот и поширокиот поим на домувањето. За да стигнам до она што е поента на моето излагање, ќе дадам кратка ретроспектива на законите што важеа во претходниот период и ефектите од нив.

До 1998 година оваа сфера беше регулиран асо Законот за станбени односи, како и соодветни закони од други стопански области. Ваквите односи беа воспоставени со Уставот од 1974 година, кога во овој Закон беше воведено станарското право на стан во општествена сопственост и целата политика во оваа сфера беше градена врз принципите на взаемност и солидарност, а во функција на социјалната политика и заштита на стандардот на граѓаните. Но да ги видиме ефектите од тогашната политика на домувањето и овој Закон.

Со Просторниот план од 1982 година со временска рамка до 2000 година се предвидувал аизградба на 324.917 нови станови , или заедно со постојните 321.806

станови од 1981 година требало да го дадат вкупниот станбен фонд планиран за 2000 година, а тоа се 646.723 станови.

Со пописот во 1994 година, Република Македонија  има вкупно 580.342 станови, што претставува приближно 90% од предвидениот станбен фонд за 2000 година.

Ваквата компарација меѓу предвидениот и реализираниот станбен фонд укажува на интензивна станбена изградба во периодот од 1971 до 1994 година.

Промените во политичко економскиот систем, неминовно, доведуваат и до промени на политиката на домувањето, најпрво со неколку закони со кои се промени титуларот на сопственоста и конечно, промените се воспоставени со Законто за домување од 1998 година, во рамките на кои се појавуваат и нови моменти , како напуштање на станарското право и општествената изградба, закупот, а со него и рентиерството како нов момент во станбената политика, куќниот совет како правно лице, домарот и одржувањето на станбените објекти во функција на креирање на нови работни места и внесување на нова категорија станови за социјално загрозени лица и политика  за ниванта реализација, која во претходниот период покажа аномалии и злоупотреби, што видовме и од Извештајот на  Омбуцманот разгледуван на претходната седница.

Почитувани пратеници, едно од најчувствителните и егзистенцијални прашања на граѓаните на нашата држава од социјалната сфера, како и од економски, стопански и развоен аспект е решавањето на станбеното прашање. Имајки го предвид фактот дека со уставните одредби Република Македонија се декларира како социјална држава, а воедно е потписник на Европската социјална повелба, согласно со член 16 од истата ја превзема обврската за “поттикнвуање на изградбата на станови соодветни за потребите на семејствата”. Домувањето воопшто, а особено станбената изградба е посебно битна компонента на социјалниот и општествениот развој, организацијата и уредувањето на просторот и подигнувањето на животнито стандард на населението.

Земјиштето и зградите, како што е наведено во Водичот на Економската комисија за Европа на Обединетите нации за управување со земјиште сочинуваат 50% до 75% од националното богатство на секоја држава. Процентот варира според карактеристиките на националната економија. Земјите со помал степен на економски развој и консеквентно помалку алтернативни инвестиции, како што е случајот со повеќето преодни економии, како што е Македонија, имаат повисок процент на национално богатство во земја и згради. Лично и коорпоративно земјиштето и

зградите се типично наши најголеми средства и затоа, во овој момент, со трансформацијата на градежното земјиште во сопственост, што е моментално процес во тек, ќе се поттикне и кредитниот пазар преку хипотеките.

Домувањето се согледува како комплексно низ неговите три димензии: техничката димензија, (површина, двор, микроклиматски услови), социјалната димензија (начинот на живеење во станот и надвор од него, социјалните контакти меѓу поединците и семејства и др.) и економската димензија, а тоа е куповната моќ, начинот на  стопанисување на семејството и слично и во натамошниот тек ќе се задржам на ова.

За реализација на прогнозираните станбени потреби во Република Македонија до 2020 година, а тоа се податоци со Просторниот план од 1998 година, кој Просторен план, за жал, сеуште не е донесен, до 2020 година во Република Македонија ќе биде потребно да се изградат 213.794 станбени единици. Но како да се  достигне оваа бројка со ваква станбена политика? За тоа е потребна поттикнвуање на станбената изградба и дефинирање на стратегија за нејзината реализација.

Постојат повеќе фактори кои го отежнуваат решавањето на станбеното прашање на граѓаните. Тоа се: високата стапка на невработеност, ниските плати, високите цени на становите, условите за купување стан, високите трошоци за локации и комуналии, како и интерните состојби и проблеми на градежната оператива.

Во овој момент, станбената изградба е препуштена на стихија, без јасно изградена стратегија. Станбената изградба во секоја држава обединува најголем број индустриски гранки, градежната оператива, занаети и трговија, со што претставува најмногучовечка економска дејност во развиените индустриски општества. Оваа дејност, повеќе од било коај друга ги спојува чистите економски текови со социјалните состојби, зашто ги решава најегзистенцијалните проблеми на населението.

Затоа, од најголема важност е да се согледаат искуствата на земјите во транзиција и врз основа на нивните позитивни примери да се обезбедат законски решенија за - ќе ги наведам како примери - востановување на станбени фондови во единиците на Локалната самоуправа, со оглед дека пред нас е процесот на децентрализација, државна хипотекарна банка или субвенционирање на каматите на кредитите за купување на станови, како и долги рокови на отплата.

Постојниот станбен фонд правилно и забрзано да се санира и редовно одржува и замена на супстандардниот станбен фонд, како и дефинирање на критериуми за надминување на појавата на бесправната изградба, која кај нас е доста изразена.

Поттикнувањето на станбената изградба мора да се операционализира за надминување на невработеноста и безперспективноста во Република Македонија , едноставно треба да се промовира станбена политика со хумано лице.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за домување.

Ги молам пратениците да влезат во салата и преминуваме на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 61 пратеник, 58 гласале за, 1 воздржан и 2 против.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Гласањето не важи.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да гласаме.

Поминуваме на гласање.

Гласале 55 пратеници, 53 гласале за, 1 против и 1 воздржан.

Во салата има кворум.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собрание го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 58 за и 1 воздржан.

Во салата има кворум.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 4, член 5 став 2, за додавање 2 нови члена 5-а и 5-б на членот 5.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:

Прифатен е амандманот и е составен дел на Предлогот на законот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на предлогот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со амандманот се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

И овој станува составен дел на предлгот.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот за додавање 2 нови члена 5-а и 5-б по членот 5, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, се прифаќа и тој и станува составен дел на текстот на предлогот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот.

Молам, дали некој бара збор по текстот на законот. (Никој).

Го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, 60 гласале за, 2 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за домување.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон за мало стопанство и поттикнување на претприемништвото.

Според редоследот на пријавени г. Јашари има збор.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседателе, после експозето на министерот јас слушнав многу добро и ми остави впечаток реченицата со која министерот ја оправда работната група која што го изработува овој текст на предлог законот, каде меѓу другото, ако добро слушнав, рече дека земале учество и експерти од Универзитетот. Јас не го негирам фактот дека во составувањето на текстот земале учество и експерти, меѓутоа, во врска со забелешките што јас ги направив уште еднаш ќе побарам од министерот да ми даде објаснување за став 2 од членот 3, зошто се употребува само терминот “удел”, а не “акција”.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

За збор се јави г. Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани пратеници,

Предлог за донесување на закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото. Дали има потреба од тоа

Собранието да донесе еден ваков закон кога знаеме дека Владата на своја седница од 5 јануари веќе донесе Програма за поттикнување на претприемништвото, донесе Програма за развој на малото стопанство. Лично мислам дека треба да се донесе ваков закон и ќе го поддржам донесувањето на овој закон, бидејќи сметам дека ова требаше можеби многу порано да се направи во ова Собрание. Мислам дека и причините кои што се наведени во предлогот за донесување држат место и дека тоа е така. Во ред е и во потполност се согласувам дека малото стопанство врз чии што развој се потпира нашата макро економска развојна политика е во многу лоша состојба односно не ги исполни очекувањата и она што сметавме дека ќе го донесе во делот на развојот на нашата економија. Затоа, е потребно да се дејствува во ова мало стопанство, во претприемништвото и еве и Собранието да има свој удел во насока на подобрување на работата односно на развојот на малото стопанство.

Целите, кои што исто така се наведени како образложение од Предлогот на Владата дека со ова ќе постигнеме побрз развој, дека ќе прецизираме многу работи, кои што не се прецизирани и ќе го помогнеме малото стопанство што побрзо да тргне напред, се во ред. Единствено мене ми смета што кога ќе се погледне текстот на законот многу малку има во тој текст на законот токму за она поради кое што се донесува. Имаме само еден лист со 6 члена, кои што многу малку кажуваат и едноставно само во членот 6 е напишано дека владата ќе ја донесе Програмата која што претходно ја спомнав и за која што мислев дека е веќе донесена. Инаку, сето друго отпаѓа на формирањето на новата агенција за поттик на претприемништвото. Изгледа дека целта што Владата го предлага овој закон на Собранието е да се формира таа агенција, така што сака Владата да ја озакони во Собранието, за да може да ја формира. Ако е тоа така, тогаш не сум согласен со овој предлог на Владата. Јас очекувам коа ќе разговараме по текстот на законот кога ќе дојде во ова Собрание како предлог на текст на законот, да имаме нешто подобро. Сигурен сум дека ова не е најдоброто што Владата може да го изработи и да го понуди на Собранието. Бидејќи, отсутна е стратегијата врз која што ќе се потпира развојот на стопанството. Имаме многу декоративни како мерки и цели кои што се составен дел на законот, но нема една генерална стратегија како ќе се движи развојот на малото стопанство и од кои основи ќе појде. Мое мислење е дека имаме луѓе кои што можат тоа да го направат и да проценат, а и да споредат со другите земји како почнува развој на мало стопанство, од каде е почетокот и каде треба да се стремиме. Ние почнуваме од нула, може да се каже, бидејќи ова мало стопанство што го имаме сега во државата е повеќе насочено кон трговијата, некои мали

услужни дејности, угостителство итн како и некое занаетчиство може да се каже. Така, сосема е нормален заклучокот дека почнуваме од нула. Ако утврдиме дека тоа е така, без разлика што имаме еден огромен број на правни субјекти кои што се формирани во меѓувреме и кои што егзистираат и божем работат односно произведуваат, ако е тоа така, тогаш треба да кажеме сега да испитаме што е она што на Македонија односно поголемите капацитети кои што се извозно ориентирани и кои што работат и придонесуваат за зголемување на бруто националниот доход со големи суми, придонесуваат во нашата земја да влезат огромен број на девизи, како на тие големи капацитети прво да ги насочиме кон малото стопанство. Тоа мало стопанство во почетокот да работи за нив и да видиме кои се другите потреби. Да речеме, на еден Алкалоид какви потреби има од репро материјали, од полупроизводи, производи кои сега ги увезува, а би можело тоа мало стопанство да работи за Алкалоид. Тоа јас не го гледам во овој закон. Тоа јас како пример го спомнувам, за да дадам некои насоки каде би требало да биде стартната основа на нашето стопанство. Прво, треба да го задоволиме нашиот домашен пазар, а потоа да размислуваме постепено тоа мало стопанство со годините да израсне и во субјект кој што ќе извезува и кој што ќе работи за извоз, односно ќе успееме преку него и да внесеме девизи во нашата економија. Сметам дека треба да се размисли околу агенцијата за поттикнување на претприемништвото, бидејќи една таква агенција веќе постои слична во нашата држава. Формирана е 1997 година, а тоа е НЕПА, Националната агенција за развој на малото стопанство и треба да се види да не се преклопат едноставно работите на овие две агенции и да се размисли околу тоа колку може таа постоечка агенција која што веќе ја имаме да се реорганизира, за да може што подобро да си ја извршува функцијата за која што е формирана. Верувам дека таму има луѓе кои работат еве веќе 6 години од 1997 година до денес и тие луѓе доста научиле и доста знаат едноставно за проблемите на малото стопанство во државата. Тие сигурно би можеле да се вклопат, дали тоа ќе биде во оваа нова агенција или во една заедничка организација која што ќе придонесе што подобро да се помогне односно да се развие малото стопанство.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г. Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Ќе настојувам да бидам прилично краток. Сметам дека имаше доста дискусии по овој предлог закон, умесни дискусии кои ни укажуваат на работи кои што треба при подготвувањата на предлогот на законот Владата да ги има во предвид. Сметам дека недоволно е дадено во законот содржински во делот што треба да содржи и што треба да опфати за развој на тоа мало стопанство, што мислам дека при предлагањето на законот тоа треба да биде во една поширока форма, повеќе можности да се дадат и да се објаснат во законот, на кои што може утре да се повика било кој што ќе има потреба од примена на тој закон. Во самиот закон е лошо опфатено што се зборува дека малото стопанство го сочинуваат правни физички лица, а во истиот понадолу не стои ништо за физичките лица, бидејќи не би биле тие мало стопанство за физички лица, треба во тој дела предлагачот на законот да го дефинира подобро дали би опфатил и физички лица, кои се занимаваат со стопанство да имаат покритие во тој закон.

Исто така, би сакал да се произнесам и по однос на делот кој што во законот е претежно даден на агенцијата, која се формира со овој закон. Сметам дека потребно е предлагачот да поразмисли малку повеќе, оваа агенција да биде малку во поширока форма, дали не треба одредени дејствија или права, обврски кои што ги има агенцијата во нивната надлежност, да бидат пренесувани во подрачните министерства за стопанство, каде што би биле подостапни до граѓаните во однос на тие правни субјекти, кои се занимаваат со тоа мало стопанство, отколку да би доаѓале за било каква работа во агенцијата, што ја отежнува таквата помош на тие правни субјекти. Сметам дека може да се внесат такви одредби во законот, во агенцијата дел од нивните работи да ги пренесат во Министерството за стопанство на подрачните министерства, каде што би ја олесниле работата на лицата кои што ќе имаат потреба од самата агенција да им пружа било каква помош. Имам толку во тој дел и сметам дека сите овие предлози ќе ги има предвид предлагачот би предлагањето на законот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за поддршка на развојот на малото стопанство и поттикнување на претприемништвото.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието, да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за економија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 59 гласале за, 6 воздржани и 1 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Бидејќи, дневниот ред на оваа седница е исцрпен, ја заклучувам Дваесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши со работа во 15,45 часот).